СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08- 6869/76
26.12.2024 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на 51-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана заденес 26.12.2024 година.

ПОЧИТУВАНИ КОЛЕГИ СОВЕТНИЦИ, ПОЧИТУВАН ГРАДОНАЧАЛНИК

Од мое лично име како Претседател на Советот на Општина Кавадарци и од советниците да се заблогодариме до Градоначалникот и до Општината за пригодните пакетчиња за советниците и за нас за Нова Година. Воедно и до Винскиот Музеј.

Почитувани Советници добивте сите покана за планираниот Новогодишен коктел, кој Општина Кавадарци секоја година го организира, така да можам да ја отворам последната седница за оваа 24-та година. Тоа е 51-та Седница на Совет на Општина Кавадарци на која имаме една благородна точка, тоа е буџетот на Општина Кавадарци, кој ќе ни биде последен буџет донесување за наредната година од конституирање на овој Совет на Општина Кавадарци. Почитувани колеги на 51-та Седница на Советот на Општина Кавадарци присуствуваат 17 советници. Двајца советници ќе ни се приклучат во текот на самата седница.

Констатирам дека има кворум за работа и може Советот полноважно да одлучува за предложениот дневен ред. Ве молам за забелешки за Записникот на 50-та Седница на Совет на Општина Кавадарци . Ве молам за гласање. Кој е за. Едногласно усвоен.

Констатирам дека е усвоен Записникот на 50-та Седница на Совет на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешниот дневен ред имате добиено Предлог-Дневен ред . Тоа е :

1. Предлог - Буџет на Општина Кавадарци за 2025 година.

2. Програма за работа на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2025 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
3. Финансов План за 2025 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
4. Програма за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2025 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци
5. Финансов План за 2025 година на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
6. Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници вработени воЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
7. Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
8. Изменување и дополнување на Годишен План за вработување за 2025 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Поради поврзаност со претходните точки согласно член 59 став 1 алинеа 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам дополнување на дневниот ред и тоа:

9. Одлука за давање на времено користење на движна ствар на ТППЕ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец „ Кавадарци.

Ве молам за гласање. Кој е за оваа точка да се надополни како точка 9.Едногласно усвоена.

10. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година;
11. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници во Општина Кавадарци за 2025;
12. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на помошно техничките лица вработени во Општина Кавадарци за 2025 година;
13. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработени во ТППЕво Општина Кавадарци за 2025 година;
14. Предлог-Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година;
15. Предлог-Одлука за благајнички максимум за 2025 година;
16. Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година (прворoдено дете во 2025);
17. Предлог-Измена на План за програми за развој на Општина Кавадарци за 2025 година;
18. Предлог-Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци за 2025 година;
19. Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2025 година;
20. Предлог-Програмаза изградба реконструкција и одржување на локалнитепатишта во Општина Кавадарци за 2025 година;

21. Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2025 година;
22. Предлог-Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Кавадарци (Наќе Кичев) ;
23. Предлог-Програма за комунални дејности на Општина Кавадарци за 2025 година;
24. Предлог-Програма за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2025 година;
25. Предлог-Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2025 година;
26. Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;
27. Предлог-Програма за заштита од штетно дејство на водите;
28. Предлог-Програма за заштита на животна средина;

Точката Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на градежна парцела Б.47 и градежна парцела Б.48 од ДУП за УБ Едвард Кардељ, Општина Каваадрци се иззема од дневниот ред, понатаму редоследно се менуваат точките од денешниот дневен ред.

29. Предлог-Одлука за утврдување на Детален урбанистички план за УЕ 10, дел од Блок 10.6, „ЗАДРУГАРСКА ЈУЖНО" КО Кавадарци град, Општина Кавадарци;
30. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2025 година;
31. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена заштита за 2025 година;
32. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2025 година;
33. Годишен План и Програма на Градски Фудбалски Клуб„Тиквеш 1930„ АД Кавадарци за 2025 година;
34. Годишен План и Програма на ГрадскиРакометен Клуб АД „Тиквеш 2014„ Кавадарциза 2025година;
35. Годишен План и Програма на Машки Кошаркарски Клуб„ЕУРО НИКЕЛ 2005„ АД Кавадарци за 2025 година;
36. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВП.бр.90/2024 ;
37. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВП.бр.89/2024 ;
38. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр. 219/24 поведен пред Основен суд Кавадарци;
39. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 224/24 поведен пред Основен суд Кавадарци;
40. Предлог-Одлуказа субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;

41. Предлог-Одлуказа субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
42. Предлог-Одлуказа субвенционирање на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ;
43. Предлог-Одлуказа субвенционирање на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион – Тиквеш-Кавадарци;
44. Предлог- Одлуказа субвенционирање на Општински Ученички дом„Крсте П Мисирков„ Кавадарци;
45. Предлог-Одлука за примање донација-материјално добро (половни велосипеди);
46. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за примање донација материјални добра и услуги од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци
47. Предлог-Одлука за примање донација материјални добра и услуги од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци;
48. Предлог-Одлука за примање на донација материјално добро - основен проект од ДРНП ВЕРТЕКС АРХИТЕКТУРА ДОО Скопје;
49. Предлог-Одлука за примање на донација материјално добро од Друштво за трговија на големо и мало КАМ ДОО Илинден;

Поради поврзаност на претходните точки согласно член 59 став 1 алинеа 3 од Деловникот за работа предлагам дополнување на дневниот ред и тоа:

50. Предлог-Одлука за примање на материјално добро од Трговско друштво за производство, трговија и услуги " КОНТИ ХИДРОПЛАСТ" ДООЕЛ Гевгелија и давање на трајно користење на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест.

Кој е за оваа точка да се дополни дневниот ред. Едногласно усвоена.

51. Програма за работа за 2025 година на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов Климе„ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов Климе„ Кавадарци;
52. Програма за работа за 2025 година на ЈОУ Библиотека „Феткин„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈОУ Библиотека „Феткин„ Кавадарци;
53. Програма за работа за 2025 година на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;
54. Програма за работа на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш Кавадарци за 2025 година;
55. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на цени (надомест ) за дадени услуги на ДПТУ ДООЕЛ„Градска Винотека„ и Подружница„Винотека Центар„, донесена од Управен Одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш Кавадарци
56. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на цени (надомест) за дадени услуги на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион

Тиквеш Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш Кавадарци;

57. Програмата за изменување и дополнување на Програмата работа за 2025 година наЈавно претпријатие за стопанисување соспортски објекти “Мито ХаџивасилевЈасмин“ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на Јавно претпријатие за стопанисување соспортски објекти “Мито ХаџивасилевЈасмин“ Кавадарци;
58. Одлука за донесување на Тарифник заутврдување на цените на услугите воДруштво за туризам,угостителство,рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАРМИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на Јавно претпријатие за стопанисување соспортски објекти “Мито Хаџивасилев Јасмин“ Кавадарци.
59. Одлука за утврдување на вредност набодот за исплата на плати наадминистративните службеницивработени во Јавно претпријатие застопанисување со спортски објекти“Мито Хаџивасилев Јасмин“ Кавадарци, донесена од Директорот на Јавно претпријатие застопанисување со спортски објекти“Мито Хаџивасилев Јасмин“ Кавадарци;
60. Програма за работа на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарциза 2025 година, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;
61. Информација донесена од Директорот на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;
62. Одлука за усвојување на Ценовник заобележување на хоризонталнасигнализација на територијата наОпштина Кавадарци за 2025 година,донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;
63. Одлука за усвојување на Ценовник закористење, одржување и реконструкцијана мрежата за јавното осветлување натериторијата на Општина Кавадарци за 2025 година, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;
64. Одлука за утврдување на вредност набодот за исплата на плати наадминистративните службеницивработени во ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“Кавадарци за 2025 година, донесена од Директорот на ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“Кавадарци.
65. Одлука за распоредување на добивката остварена по годишната сметка и финансиските извештаи за 2023, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;
66. Одлука за давање согласност за склучување на Договор за медиумски услуги, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;

67. Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати наадминистративните службеницивработени во ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ за 2025 година, донесена од Директорот на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ
68. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци;
69. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ;
70. Извештај за Реализацијата на Програмата за Еднакви можности за 2024 година;
71. Предлог Програма на Комисијата за еднакви можности на Општина Кавадарци за 2025 година;
72. Предлог-Одлука за отстапување на користење простор сопственост на Општина Кавадарци за Младински Центар Кавадарци;
73. Извештај за работа за 2024 година на Младински Центар Кавадарци;
74. Одлука за давање согласност на Одлука за расход на неупотреблива опрема, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;
75. Предлог-Одлука за утврдување Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка;

Согласно член 59, став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Општина Кавадарци предлагам дополнување на дневниот ред и тоа:

76.Предлог-Одлука за за поднесување на Барање – иницијатива за свикување на Собрание на МКК ЕУРОНИКЕЛ 2005 АД Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на дневниот ред. Едногласно усвоена.

Дали има други предлози за измена и дополнување на вака досегашниот изменет дневен ред. Нема. Со тоа целиот Дневен ред го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

Почитувани колеги преминуваме кон реализација на 51-та Седница на Совет на Општина Кавадарци. Најбитната точка на оваа седница, тоа е буџетот на Општина Кавадарци за 25-та година. Со овој Предлог Буџет за 25-та година од страна на советниците на Општина Кавадарци беа доставени и амандмани. Согласно Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци прво се разгледуваат амандманите, а потоа отвараме претрес за самиот буџет на Општина Кавадарци и на крај нормално пристапуваме кон гласање за истиот буџет предлог за 25-та година. Од страна на советниците на беа доставени амандмани. Советничката група на ВМРО ДПМНЕ и нашиот колега советниик Александар Мукаетов до Советот на Општина Кавадарци преку архива има доставено два амандмани. Го молам советникот произнесување

за темата на самите два амандмани да не запознае за што станува збор. Повели колега советник.
СОВЕТНИК АЛЕКСАНДАР МУКАЕТОВ: Почитувани колеги, почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник јас поднесов два амандмани, ама поради дополнителни консултации со служебите мислам дека едниот амандман ќе го повлечам. Тоа е под бројот 6929/1. Истиот го повлекувам.Останува само другиот амандман кој се однесува во делот на расходи, трансфери до Здружение за развој на вински туризам каде што е предвиден износ од 1 300 000 да се намали на 1 000 000 денари, а останатите 300 000 да се префрлат во репрезентативни поклони за странски делегации каде се предвидени 150 000 и би се зголемиле на 450 000 денари. Образложението на овој Амандман ми е дека со намалување од 300 000 денари, значи семејните винарии нема ништо да изгубат, ние фактички со истите пари па би им го купиле тоа вино, би купиле и некои други производи кои што се произведуваат во нашата општина и истите тие производи би се давале на тие странски делегации дали кога доаѓаат или кога ние одиме. Со тоа мислам дека исто достојно ќе ги промовираме тие семејни винарии, како во Општината така и настрана. Благодарам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам колега советник. Предлог амандманот на советникот Александар Мукаетов го ставам на гласање. Кој е за. Ве молам кој е за. 12. Против ве молам. 6. Одиме кон предлог амандманите доставени од колегата Вуко Мелов од советничка група на СДСМ. Од сите советници на советничка група на СДСМ. Повели колега.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги во рамки на буџетот на Општина Кавадарци предложивме одреден број на амандмани за работа и мерките што сметаме дека се исклучително важно значење за граѓаните на Општина Кавадарци. Првиот амандман е Амандман на буџет за 2025-та година за ослободување на плаќање на партиципација за сместување на деца во детски градинки, не на сите дечиња туку на оние дечиња кои што доаѓаат од семејства со ниски месечни приходи, се мисле на приходи кои што се пониски од да кажеме една просечна, месечни примања од една една просечна плата. Сметам дека ова е пример за една социјална мерка со цел да лица кои што остваруваат и имаат високи приходи и оние кои што остваруваат пониски приходи да се помогнат семејствата кои што остваруваат, кои што имаат пониски приходи, односно да се ослободат од тој финансиски терет од 2000 денари или за две деца 3 500, 4000 денари како е по Правилник да истите се ослободат, односно да се воведе една социјална

компонента во однос на плаќањето на надоместокот, односно за партиципацијата за сместување на деца во детски градинки. Тоа е првиот амандман. Наеднаш сите да ги елаборирам или еден по еден. Сите наеднаш добро. Вториот амандман го предложивме и минатата година, а се однесува на субвенционирање на млади лица од Општина Кавадарци за обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија. Сметам дека младите лица се со цел да се зголеми можноста за нивно вработување, бидејќи најголем дел од работодавачите бараат да имате возачка дозвола од Б категорија се со цел да се зголеми можноста за нивно вработување, да се субвенционираат и да се потикнат младите лица со дел од трошоците за обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија. Следниот амандман се однесува на лицата со попреченост 15 000 денари помош еднократна која што Општина Кавадарци сметам дека треба да ги третира и овие лица и да со еднократна парична помош од 15 000 денара покажеме дека се грижиме за секоједен во општина Кавадарци. Тоа е на пр. за Општина Кавадарци малце, меѓутоа сметам дека за нив таа помош ќе значи многу. Четвртиот амандман го зборувавме и минатата седница е изборно ветување на Градоначалникот Митко Јанчев и на советничката група на ВМРО ДПМНЕ и 2017 изборите и 2021 тоа е долговетуваната и зборувана дестилерија со која што ќе се реши проблемот со откупот и со цената на грозјето, беше многу најавувана, меѓутоа влегуваме во последната година од мандатот наш и на Градоначалникот, така да мислам дека треба конечно да се извади оваа работа на чистина и да луѓето знаат дали истата се планира да се прави или не. Следниот амандман е амандман во однос на довршување на колекторскиот систем во село Сопот од страна на реакција од граѓани заради непријатна миризба за жители кои што живеат во овој дел сметам дека треба да се заврши и овој дел од колекторскиот систем. Набавка на 3Д кино. Со овој амандман Кавадарци би добил после долго време повторно 3Д кино и би добил уште една да кажам плус содржина кај што младите, па и повозрасните би поминувале одреден временски период од денот во гледање на филмови и слично, бидејќи сме еден од градовите кои што ја нема оваа содржина . Изградба на велосипедско- пешачка патека од Западен Булевар до Дрекслермајер. Целта е побезбедно движење на пешаци и давање можност на луѓе кои што патуваат, кои што

возат велосипед да се движат побезбедно во тој регион. Следниот Амандман е субвенционирање за набавка на дигитален уред на студенти, млади, невработени лица до 29 години, младите и студентите би добиле субвенција во висина од 50% од вредноста на уредот, но не повеќе од 10 000 денари, знаеме дека живееме во едно дигитализирано општество, овие уреди претежно младите лица и студентите би ги користеле за учење, за надоградба, за работа и сл. Реконструкција на улици во село Сопот. Станува збор за улици кои што се во една навистина лоша состојба и кои што имаат потреба за нивна реконструкција. Многу пати го зборувавме овоа, тоа е во делот на парното греење во Домот на културата, посебно во зимскиот временски период. Станува збор за големата сала, нема парно греење Дом на култура Кавадарци, се соочуваат луѓето, односно посетителите кои што доаѓаат, ги следат претставите и другите културни манифестации, се соочуваат со проблем да седат во сала која што не е затоплена. Пред, мислам дека првата година во мандатот имавме оџачарска служба, после тоа мислам дека истата се укина, поднесивме амандман за повторно воспоставување на оџачарска служба во општина Кавадарци. Ова беше една сериозна помош за граѓаните и мислам дека беше мерка која што помагаше во делот на загаденоста на воздухот. Амандман во однос на детската градинка, оградување на детската градинка во Возарци. Партерно уредување на влезот пред Градски стадион, се мисли на страната од градскиот парк кој што е во една лоша состојба. Тампонирање и санација на полски патишта, бидејќи земјоделците се соочуваат со лоши и непристапни патишта до нивните земјоделски површини. Мислам дека во овој дел многу малце имаме направено изминативе неколку години. Реконструкција на фудбалското игралиште во Ваташа исто така неколку години по ред го предлагаме овој амандман, меѓутоа за жал досега не беше прифатен. Фудбалското игралиште во Ваташа се наоѓа во една навистина лоша состојба. Предлог Амандман кон Буџет на Општина Кавадарци за еднократен паричен надоместок за спортисти од Општина Кавадарци кои се успешни и кои што освојуват награди на државни и меѓународни натпреварувања, предлог амандман на буџетот на Општина Кавадарци за поставување на ограда на скалите, се мисли на големите скали, ова е претежно потреба на постарите лица кои што имаат проблем да се накачуваат и да се симнуваат во тој дел. Се предлага амандман за реконструкција на Дом на култура во Ваташа, стипендирање

на 10 најдобри ученици по свој успех за завршено средно образование во периодот на нивно студирање, при што годишната стипендија што би им ја давала Општина Кавадарци би изнесувала во висина на партиципацијата кои што истите ја плаќаат за студирање на државните факултети. Се предлага амандман кон Предлог буџетот на Општина Кавадарци за зголемување на финансиите со цел формирање на социјален фонд за подршка, односно за помош на лица од социјално загрозени семејства. Овој надоместок кој што го даваме на овие лица сметам дека е минимален, еднаш на 6 месеци им одобруваме само по 1500 денари значи вкупно 3000 денари изнесува целата помош која што Општина Кавадарци ја дава на овие лица кои што доаѓаат од социјално загрозени семејства. Сметам дека и заради трошоците на живот сметам дека тоа е смешна сума на годишно ниво истата мислам дека треба ако сме да кажам, ако се грижиме и за таа категорија на граѓани сметам дека треба истата да зголемиме. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам колега советник. Почитуван Градоначалник дали ќе одиме кон или пауза мала. Ај 5 минути пауза. Молимте исклучи 5 минути.

Продолжуваме со седницата. Говор има Градоначалникот кон образложување на амандманите поднесени од колегата Вуко Мелов. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувани сограѓани, почитувани медиуми и јавност. Прво сакам еве на оваа последна седница за оваа година да посакам плодна и продуктивна дискусија. Во делот на амандманите кои што се поднесени Амандманот од советникот Александар мислам дека е логичен така да со префрлање на средства од 300 000 денара отчетно можеме подобро кога одат наши делегации во побратимени, во наши општини каде што сме блиски, па макар и за првпат да имаме соодветни поклони од соодветни наши производители од општина Кавадарци, така да тоа ќе го прифатиме и Секторот за финансии ќе го направе во Програмата, односно ќе ја надополнат програмата со измена. Во делот на амандманите поднесени од СДСМ и коалицијата, односно од Вуко Мелов, Даниела Ивановска, Валентина Бањанска, Павле Маневски и Веса Богева јас како ми се тука, така по ред ќе ги почнам. Се предлага вика на Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци амандман кон Буџетот за 25-та за поставување на ограда на скалите во Градскиот парк Кавадарци.

Нема потреба од амандман ЈП Комуналец Гоце тука си директоре, се мисле на скалите да има рукохват така. Сфатив добро. Истото го направивме на Паркот на револуцијата, има рукохват ставено така да Гоце уште утре да го завршиш добро. Завршено. Се предлага вика амандман за буџетот за 25-та за реконструкција на Домот на културата во Ваташа, воа е с. Ваташа се мисле така. Добро. 3 000 000 денара. Мислам дека не бевте вие во овој состав на Совет, во првиот мандат мој и во претходнниот состав на Совет комплетно се реконструира Домот, во внатрешноста се смени тоалети, вода, канцелариите се ставија во функција и кровната конструкција се смени. Домот е во функција и за месната заедница и за градинката и за Домот на културата. Можеме тука да кажиме Домот на културата кај нас да превземе активности и да има таму активности во делот на програма кај што би изведувале претстави или нешто друго, така да Домот е во функција.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Значи конкретно тука се однесува на нефункционалност на санитарните јазли во Домот, се однесува на промена на собни врати, има некои што се извадени и оштетени, прозори во одреден дел од Домот, кровот е ок и мислам дека и горната сала, во горниот дел и тоа е исто. Али треба да се направи сега еден увид што и како затоа таа сума е предложена.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи како амандман значи во делот да ставам 3 000 000 за буџет нема потреба. Тоа се неколку врати, прозори, може да ги задолжиме Дом на културата да го превземат во функција Домот во Ваташа, да си го средат тоа што треба да се среде, многу минијатурни работи треба да се досредат таму, неколку прозорчиња и тие работи и е во функција и осветлување и вода и сите работи се во функција, така да кога би имало таму човек и кога би бил во функција би се одржувало. Ако го реконструираме и не го ставиме во функција и пак ќе се вратиме за 2 години на иста ситуација.Ама џабе 3 години, 5 години го напушташ и иста ситуација. Значи да ја задолжиме Домот на културата директорката да направе програма и да има настани. Апсолутно во програма да влезе во Домот на културата и да има настани, поготово врзани со Ваташа, со споменикот на 12-те Деца и други активности кои што мислите да ги направите, апсолутно патронат, било што. Да така да Домот на културата ќе ги задолже, ама има услови сега да се одрже. Јас кога одам во Ваташа по урбани заедници со советниците и со

граѓаните таму одржуваме средба, дури и греење има, само не го пуштаме заради економичност. Фудбалското игралиште во Ваташа ставено е во ФФМ и зборено во понеделникот, овој понеделник така, се видивме со новиот Претседател, останува програмата, не само ова фудбалско игралиште фудбалското игралиште ќе се реконструира, ќе се направат нови соблекувални на горната локација, доле патот да се пробие двосмерен и ќе се направат соблекувални во Дреново и едно со вештачка трава предлагат они да направат во територијата на општина Кавадарци за да има ФК Тиквеш и младинците секојдневно да можат да тренираат. Така да комплетно си ја зима обврската ФФМ и има буџет од 21 000 000 евра и ќе завршат работа луѓето. Паричен надомест за спортисти кои што освојуваат државни и меѓународни натпреварувања. Ова во меѓувреме додека го предлагаше кординаторот на советничката група на СДСМ и коалицијата Вуко Мелов пишев со Министерот за спорт, значи влезено е со буџетот од некои 500 000 евра имат буџет како Министерство за спорт за меѓународни и републички награди, поготово да се исплаќаат стипендии и државни плати, ми објаснуваше таму некои зимале, како Перо Антиќ пр. зима државна плата разбираш, Пандев исто зима државна, глупо ми е пензија да кажам, али ете нека биде државни пензии, така да тоа е таму влезено ич да не се косиш. Партиципација за сместување на дете во детска градинка и оние кои што доаѓаат од семејства со ниски месечни приходи .Тоа го имаме. Па го има и тоа на ниво на Министерство има донесено одлука, социјално загрозени, социјални случаеви одат. Минималната плата е заграрантирана. Минимална плата постои загарантирана така да не може да има примања под минималната плата. Нема, не постое невработеност во Кавадарци веќе. 1,5% невработеност. Ако не работе, значи нејќе да работе, така размислувам јас, нека ме осуде кој сака. Сега ни 5 души бараме за Михајлово да земиме за ски центарот, не може да најдиме, 5 деца не можеш да најдиш. Значи си оде тоа. Воа повеќе пати го предлагате за Б категорија. Еве вторпат нека е. Не јас ќе разговарам со Министерството за внатрешни работи. Значи тоа што го спомнав лани, сега истото ќе го кажам да има некои субвенции или да се намалат цените за полагање доколку има услови, сепак е индивидуална работа и индивидуална потреба за надоградување. Тоа е исто како да правиш магистерска или

докторат. Точно 7 години го размислуваме, не е влезено во ГУП и Министерството за образование ќе ни дозволи да направиме маркица за полигон, ама полигонот ништо нема да не спасе, затоа што цените за полагање се со Правилник на МВР и ние да имаме наш полигон и да се регистрираме за полагање како средно училиште, пак би биле тие цени. Значи вака амандманот не е да направиме полигон, амандманот е да субвенционираме за Б категорија.Значи нема потреба. Исплата на еднократна помош 15 000 денари за лицата со попреченост. Тоа го има во програма. Па видете, не го читате буџетот Цанка се отепа правејќи жената, од октомври го праве буџетот, плус имаме таму и превоз за лица со посебни потреби или со попреченост со специјализирано комбе за било која нивна потреба, набавка на колички во износ од 130 000 денара. Претседателе гледај сега менталната попреченост или било која доколку е регистрирана социјалното им исплаќа надомест или него или на семејството. Никој не е оставен така. Тоа го знаете добро. Уште е директорката мислам, ваша е директорката уште. Така го имаме Вуке, го имаме. Воа за дестилатот сега ни будно ја следиме работата со Министерството за земјоделие, еве тука и советникот е дел од земјоделието, значи доколку се јаве потреба за вишок на грозје ќе се пријде кон реализација на проектот за дестилерија. Во моментот како што спомнав и последниот Совет од 140 000 000 кг. на грозје намалено е грозјето на 79, така беше Пере 82 000 000. Така да нема вишок на грозје.
Не, напуштено имаш 5300. Нема најлоша, најдобра година, просечна зимаме. Најдобрата е 190. Напуштени се 5300 ха, треба да се бориме да се врати назад лозарството. Ка ќе се врате и ако има вишок на грозје ваа Влада ќе го исполне воа. Колекторскиот систем во Сопот, од 5 000 000 евра кои што ќе ги добиеме во февруари е ставен во проектот. 5 000 000 евра добиваме во февруари од Владата на Р. Македонија предводена од г-динот Христијан Мицковски со ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата по 125 евра по глава на жител така да 4 950 000 евра добиваме во февруари. На посебна сметка, Цане наменска. Ама тоа беше од октомври, тие проекти сега ги тендерираме. Го тендерираве патот Ресава, Дабниште, реконструкција на градскиот базен, кружниот тек, заливот за Ресава, заливот Косовец, патот Чемерско влезот, вода до Крњево, за 25-та 5 000 000 евра имаме, абе ги аплициравме проектите како да ти кажам. Абе како да објаснам советниче. Нема да има ребаланс. И кога ќе се потпише договорот со

Владата на 4 950 000 евра и ќе се одобрат проектите, 9 проекти нови се, сега да не ги читам оти сакам да бидат изненадување, а вија е влезен во тие 9 проекти и мостот за Сопот е влезен во тие 9 проекти, градење на нов мост во Марена, тогаш се потпишува договор и се отвара посебна сметка и парите легнуват на посебна сметка, односно со договорот ние веќе тендерираме, дури можеме и да ставиме аванс за тендерирање пошто парите Владата веќе ги има обезбедено комплетно 5 000 000 евра, 300 000 000 денари. Бум. Бум на година. Ова што градевме досега е ништо. Вака е. А догодина имаме 5 000 000 евра екстра буџет и ние имаме 250 000 000 денара за комунална изградба. Тоа е што да ти кажам. Значи ќе биде како никогаш досега. Ударно страшно, дури ќе мислат дека е ради изборната година, што нема врска. 3Д кино е влезено исто во таа програма. Патеката до Дрекслермајер у програма ја имаме, у предизборната 27 000 000 денара е влезена во 5 000 000 евра, наменски од Владата, предводена од ВМРО ДПМНЕ. Јас не сакав да ви ги кажувам проектите, ама еве ме намести. Зголемување на финансиските средства со цел на формирање на социјален фонд за помош на лица социјално загрозени. Имаме Социјално, ќе си ја потерат работата социјалците, ка ќе децентрализира Социјалното кај нас ќе има пари за се. 10 ученици најдобри по својот успех 12 000 денара Фондацијата Никола Јанчев воа си го тера, не 10, 15 стипендии дава годишно така да влезено, сега да се дуплираме. Субвенционирање на млади со дигитални уреди. Воа Премиерот го кажа вчера. Вуко Премиерот воа го кажа вчера, 10 000 денара, 250 евра секој студент ќе добие ваучер.250 евра за секој студент не е мала работа. Улиците во Сопот, во програма се, си ги работиме и колекторот и улиците како што треба. После ќе барате па лежечи полицаец многу брзо возат. Амандман кон буџетот за набавка на парно греење. Директорката веќе има во програма ставено за набавка на уште две, абе во нејзиниот буџет го има. Во развојна програма е ставено кај неа. Еве ја ако лажам, она не лаже. Оџачарската служба. Гоце директоре, што е проблемот што нема оџачарска служба. Добро предлагам вака. Значи не го прифаќаме амандманот, ама предлагам еден вработен да земе сертификат од Комуналец за оџачар, си има комисија за полагање таму. Имате ли дејност, еден вработен или двајца ќе си ги определите за оџачари. Ќе си купите опрема, не е скапа таа, едно тегче,

четка и ка ќе се разубаве времето, сега да не се качуваат сега. Значи ЈП Комуналец го задолжувам за оваа работа да си заврше работа. Благодарение на Митко Јанчев, а за поставување на ограда околу детската градинка во Возарци, има ограда, ја немате видено, вие навечер имате одено. Партерно уредедување на влезот на Градскиот стадион, од страна на градскиот парк влезено во програма комплетно партерно уредување, влезот, дури сега одиме со дигитализација на картите за да нема манипулации, ќе ставиме рампички со ајкут или со баркодче, како купуваш картичка тит. ти се отвара влеваш, буквално до тоа ниво ќе го дигитализираме влезот на Градскиот стадион и ќе се реконструира и плус тој објект што е старата соблекувална како се вика тоа. Ќе се реконструира тој комплетно, има предлог од едната страна да биде како фан клуб на ГФК Тиквеш, не знам во делот на сувенири и таква работа, ете така го има во програмата на клубот и ќе го направиме. Менаџментот на клубот за 25-та година. Ќе си побараш, ќе ти дадат од клубот. Да тоа зборено е и на Управен Одбор на клубот. Абе имате претставник во клубот, еве младина кај вас,има момче. Тампонирање и санација на полски патишта, тоа го работиме . Како бе кај го работиме. Јас не реков дека 70% не се, ама 30% ги завршиме. Знаеш колку е 30%. Километри, километри, километри.А вака да ти кажам, програма имаме од 2 000 000 денара така ли беше, колку пари се, 1000 000 денара за санација на полски и земјоделски патишта. 2 000 000 денара. И имаме тампонирање и санирање. Досега се тампонирани патот до Шамаците, ако знаеш каде е.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Еве јас ќе ги исчитам, воа е за 24-та година, се земени од службата од Општината. Реализирани проекти во останати села во општина Кавадарци, подобрена патна инфраструктура на село Фариш во должина од 350 м., односно 1300 м2 асфгалтирање. Бетонирање и поплочување на дел од улицата во с. Фариш инвестиција 1,7 000 000 денара, тгампонирање и нивелирање на патот кон с. Куманичево со што се оформени земјени канавки и банкини, тампонирање на ударни дупки со површина од 400м2, поплочување на улици од 650м2 , промена на регулационен и главен вентил и прва фаза во реализација на договор за реконструкција на локален пат во с. Бохула со должина од 450 м, работи на темели на нова црква во с. Гарниково и пробивање на пристапен пат до истата, саниран пат од с.

Раец до с. Ќесендре, спроведување на пристапен пат до манастирот Архангел Михаил во с. Крњево од страна на ЈП Комуналец, поставување на метални столбови за монтирање на заштитна еластична ограда на локален пат на с. Страгово и с. Крњево со цел поголема безбедност. Овој проект е во соработка со ЈПДП и Комуналец Кавадарци и во делот на кастрење и во делот на косење, поплочување на улици во с. Долна Бошава, изградба на потпорен ѕид во с. Горна Бошава, градежни активности на пропуст на реката Блашница кај с. Клиново, тампонирање на пат во с. Ќесендре и порамнување на патот од манастирот до с. Шивец. Значи 17 проекти за 2024 година. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи почитувани советници јас како Градоначалник отчетен, транспарентен и близок до народот секогаш го слушаме гласот до народот и на советниците нормално и почитта према вас е огромна, мислам тоа вака го чувствувате и вие нели во целост дека е обострано и така и ќе остане нивото, нема да биде пониско, меѓутоа во делот на она се што кажавме тука еве јавно, транспарентно, отчетно кажано кој што обврска си зема и кој што ќе направе во која програма е влезено така да советниче ќе дојде и март и април и мај и здрави, живи ќе го дискутираме истото и ќе се увериш дека сето ова е влезено во делот на програмата на Општина Кавадарци, заедно со Владата предводена од ВМРО ДПМНЕ со премиерот г-динот Христијан Мицковски кој што 125 евра по глава на жител за првпат откога постојат општините се дава, тоа се многу големи пари за една општина верувај ми. Дај Боже да имаме повеќе жители, м повеќе пари м ќе имаме, али па и не е намалена структурата на жители во општина Кавадарци, како во другите општини и мислам дека ќе биде оваа година се она што недостасува ќе се догради, ќе се направе и секогаш нешто ќе недостасува, али да не биде суштински, да не биде повредливо за некои граѓанин. Значи елементарните потреби ги имаме скоро во секоја урбана или во секоја месна заедница. Мене ми е многу криво само што сега да не испадне навредливо јас мислам дека ние сме многу напред, многу високо качени, на 2000 метра ти ме спушташ пак на 50 метра. Ние правиме, не правиме направивме скијачки центар. Цела држава се моле за нас, како да ти кажам. Најактуелна вест во државата 3 дена. Скијачки центар, од 75-та, од времето на Југославија, пре скијачки центар во Македонија

што се праве. Се што е направено пред тоа е пред 75-та. Комплетно донациски.Тоа е за почит и на Комерцијална Банка, и на Ас Машини и на Градба и на Кожувчанка и било која компанија таму што се вклучи тоа да го направе, 470 000 евра. Еве израчунајте ги и видете ги, ги имате сите одлуки донесено. Стварно за почит. На 01.01 во 12 часот, односно 11, се извинувам, ќе биде свечено отварање на стазата. Свечено отварање. Стазата ќе се вика Македонија, пошто ни си ја почитуваме државата и сегде кај што може името Македонија да го употребиме, ќе го употребиме во рамки, без да нарушиме билатерални односи, пошто имаме право да го употребуваме името Македонија за внатрешни потреби, значи Скијачкиот центар се вика Ски Михајлово, а стазата ќе се вика Македонија. Второ градиме затворен базен, тендерираме сега преку Министерството за труд Дом за сместување на стари лица со 75 легла, патишта што никој не ги правел никогаш, до Дисан асфалтирање комплетно и проширување, реконструкција на отворениот базен, картинг зона ќе се праве во новите проекти и еве ќе ти кажам од 90-та година столбовите што ги гледаш на спортската сала 1 750 000 евра од тие 5 000 000 ќе одат за Спортската сала. 1 750 000. Ќе се изграде таму објектот што е предвиден уште од 90-та година, се праве објект, се праве гимнастичка сала или повеќенаменска, претежно ќе биде гимнастичка, се праве куглана со 4 ленти, се праве кафетерија и горниот дел ќе бидат 12-те апартмани за сместување на спортски екипи, индивидуални луѓе итн. за да има приход и самата сала. Сега од скијачкиот центар, кој што му го дадивме на стопанисување на Јасмин и со доградбата на вија објекти, тоа Јасмин ќе биде самостојно претпријатие кое што ќе биде рентабилно. Исто колекторски системи кој што не беа завршени, прочистителни станици така да многу сме напред отидени и високо за да раправаме 5 квадрати коцки и 10 квадрати, тоа повеќе го рачунам за тековна работа. Значи исто кога одиме по урбани заедници, многу ми е криво што не дојде по урбаните заедници, да те видат и граѓаните, некои и прашаа, еве советникот Јован беше. Некои и прашаа зошто не доаѓаат, јас му реков треба да ги прашате нив, јас не можам во нивно име. Не зборувам за партиски, вија независните што се. Значи граѓаните исто така нивните барања се веќе во делот на индивидуални и селективни барања, значи колективните барања се 90% у Општина Кавадарци се решени, инфраструктурните

проекти кои што сега ги споменав ќе бидат завршени и отпочнати во 2025, а верузам дека тие во една година нема да се завршат сите, пошто спортската сала е голем проект, Домот за лица во една година нема да се изграде, 3 000 000 евра се одобрени од Труд, патот за Дисан екстра е одобрен 1 500 000 евра заедно со Општина Неготино и во делот на заобиколницата сериозно се работе 12 000 000 евра кое што ќе биде страшно добар проект и гасификацијата 1,500 000 евра од 5 000 000 евра се одобрени за отпочнување со гасификација комбинирано со топлификација 25-та година. Ќе имаш проекти на 07,10 јануари како ќе биде апликацијата поднесена, проектите ќе ви ги дадам да ги разледате, мислам да ги имате и да може и ви да се пофалите со нив де. Не е тоа само моја заслуга, мислам ќе ги гласате и ви таман работа сега. Јас очекувам буџетот да го гласате сите заедно затоа што буџетот е на Општина Кавадарци. Без буџет не се работе. Тоа е исто како на едно дете да не му даваш пари да излева од дома, не може да се друже со другарите, така да без ралика на ова што еве делумно си ги промашил амандманите што ги имаме доставено во програмата, а тоа е таа некоординација и некомуникација претходно и ве повикувам позитивно да гласате за буџетот. Тоа ќе биде ваш последен пропуст, последна шанса имате да се исправите ваа година да гласате за буџетот, пошто буџетот е за граѓаните, не е за Митко Јанчев, не е за ВМРО, не е за СДСМ, пак ќе речам размислите ако треба и пауза направите сега, буџетот е многу квалитетно составен и плус во овој буџет ти зема поголемо учество него секторот на финансии Цанка. Ти повеќе информации имаш за буџетот и повеќе заложба во самиот буџет и испрашување на Цанка и ревизија ка иде не ја испрашува толку. Да. 20 пати имаш отидено по 1 саат. Тоа не е малку. Таман работа. Секако сите сме пријатели тука, него сега зборуваме за стручниот дел, у делот на буџетот што е воа конто, воа. Тоа ти е добра особина и врлина. Научи да го читаш буџетот разбираш. А од Цанка може да научиш. Повели ако има прашања да.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ќе го отвориме буџетот и ќе земе секој збор. Значи пристапуваме кон гласање на амандманите, поднесени од колегата Вуко Мелов. Деловнички се гласа еден по еден по Деловник. Значи прв Амандман, тоа е Се предлага до Градоначалник и Совет на Општина Кавадарци амандман кон Предлог Буџетот за 25-та

зголемување на исносот за тампонирање и санација на полски патишта, бидејќи земјоделците се соочени со лоши и непристапни патишта до низките земјоделски површини. Кој е против. Е ај кој е за. 8. Кој е против. 10. Втор амандман Се предлага до Градоначалник и Совет на Општина Кавадарци амандман кон Предлог Буџетот за партерно уредување на влезот пред Градски стадион. Кој е за. Кој е против. 10. Се предлага до Градоначалник и Совет на Општина Кавадарци амандман кон Предлог Буџетот за 25-та година поставување на ограда околу детска градинка во с. Возарци. За. Против. 10. Предлог Одлука, односно амандман до Градоначалник и Совет кон Предлог Буџет за 25-та за воспоставување на оџачарска служба во Кавадарци. Кој е за. Кој е против. 10. Амандман кон Предлог Буџет за набавка на парно греење во Дом на култура Кавадарци. За . Против. 8. Амандман кон Предлог Буџетот за реконструкција на улици во с. Сопот . Тоа е ул. Илинденска, Гоце Делчев, Маршал Тито и Кочо Рацин. За и Против. 10. Предлог Буџет за субвенционирање за набавка на дигитален уред за студенти и млади невработени до 29 години. Ве молам за гласање. 10. 8. Предлог Буџет за 25-та година за стипендирање на 10 ученици најдобри по својот успех по завршено средно образование во период на нивно студирање. Ве молам за гласање. 10.8. Предлог- Амандман до Градоначалник и Совет за буџет за 25-та за зголемување на финансиски средства со цел за формирање на социјален фонд за помош на социјално загрозени лица.10.8. Предлог Буџет за 25-та година за велосипедско- пешачка патека во Западен Булевар до Дрекслермајер за побезбедно движење на пешаци и велосипедисти. 8.10. Предлог Амандман Буџет за 25-та за набавка на 3Д кино .Ве молам за гласање. 10.8.Предлог буџет за 25-та завршување на колекторски систем до с. Сопот.10.8. Предлог Буџет за 25-та година за изградба на дестилана за производство на алкохолен дестилат. 8.10. Предлог Буџет за еднократна парична помош 15 000 денари за лица со попреченост на територијата на Општина Кавадарци . За и против. Предлог Буџет за субвенционирање на млади лица во Општина Кавадарци за обука на теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија. 8.10. Предлог Буџет за 25-та за плаќање партиципација сместување на дете во детска градинка за оние семејства со ниски месечни примања. 10. 8. Еднократен паричен надомест на спортисти во Општина Кавадарци кои освојуваат државни и меѓународни

натпреварувања. 8.10. Предлог Буџет за 25-та година за реконструкција на фудбалско игралиште во Ваташа. 8.10. Предлог Буџет за 25-та за реконструкција на Дом на култура Ваташа. 8.10. Предлог Буџет за поставување ограда на скали во Градски парк Кавадарци. 8.10. Почитувани колеги со тоа завршивме. Амандманот на Мукаетов е завршен. Почитувани колеги советници пристапуваме кон претресот на разговор по завршување на амандманите на Предлог - Буџетот за 25-та година. Отварам претрес. Како и секоја година ќе земам јас краток воведен збор, а потоа нема никаков проблем пристапуваме кон претрес и нормално секој советник кој што има да си каже.
Почитуван Градоначалник, почитувани советници, почитувана општинска администрацијо, почитувани жители на Општина Кавадарци. Посебна чест и задоволство ми е што 4-та година по ред воведното обраќање околу буџетот за наредната година е своевиден празник за градот затоа што буџетот е нешто што без разлика на политичка ориентација градот мора да го носе напред, верувам дека определба на секој советник без разлика на политичка ориентација, кој е избран од страна на жителите на Општина Кавадарци заслужува свој дел од разгледувањето на самиот буџет преку негова заложба преку амандмани, меѓутоа определбата на сите нас е една, тоа е нашиот град Кавадарци да оде кон подобар развој, со што како генерација кое го живееме своето време ќе оставиме белег, а воедно и генерациите кои идат по нас ќе бидат задоволни затоа што ние во нашето време направивме и сработивме за Општина Кавадарци. Во Предлог Буџетот за 25-та година опфатени се отчетноста, транспарентноста, фискалната дисциплина, добробуџетско планирање преку одредени дефинирани програми, транспарентно планирање и искористување на капиталните расходи. Буџетот има опфатено и рационалност и одговорност на трошење на буџетските средства, а се сомневам дека во 2025 година ќе имаме одлични извршувања на буџетот, тренд кој го продолжуваме низ годините кои беа пред нас. Само за потсетување основниот општински буџет во 2022 година, односно во првата наша година од нашиот мандат изнесуваше 545 000 000 денари или реализација во проценти 89,68. 2023 година основниот општински буџет имаше цена 584 000 000 денари или реализација од 420 000 000 денари, во проценти некаде околу 73 %. 2024 година основен општински буџет 543 000 000 каде што до 17.12. оваа година имаме

реализирано 433 000 000 денари или околу 80% на реализација на основниот општински буџет. Во 2025-та година е проектиран основниот општински буџет на 738 000 000 денари. Значи ако направиме една се надевам дека бидејќи ова е изборна година процентот на реализација ќе го разгледува некој друг Совет догодина, меѓутоа наша цел е во овој износ од 738 000 000 денари здравје Боже да имаме што е можно поголем број и поголем процент на реализација. Е сега ако направиме една компарација на основниот општински буџет во нашиот мандат од овие 4 години можеме да забележиме дека основниот општински буџет е зголемен за околу 200 000 000 денари, односно од 545 000 000 денари на 740 000 000 денари и тоа покажува дека Општина Кавадарци во изминативе 4 години, врз основа на проектирање на овој основен општински буџет се движи во правилна насока и уште поправилно е тоа дека самиот буџет е проектирано врз реални средства, бидејќи тоа го кажува процентот на реализација, каде што континуирано во изминативе 4 години тој процент на реализација е секогаш над 85%. Во однос на основниот општински буџет за 2025 година кој рековме дека изнесува околу 724 000 000 денари. Во однос на посебните ставки би ги издвоил даночните приходи кои се застапени со околу 300 000 000 денари, пред се тоа е засновано врз пропишани законски рокови, меѓутоа да се заблагодарам до жителите на Општина Кавадарци кои имаат задолжителна фискална дисциплина и редовно си ги подмируваат своите обврски према Општина Кавадарци. Во однос на неданочните приходи, пред се најголем дел зафаќа околу 141 000 000 денари добивката од ЈП Комуналец. Во однос на капиталните приходи тие се околу 94 000 000 денари. Претходно имавме на Комисијата разговор со задолжени од сектор урбанизам и градежништво каде што Раководителот не информира дека од продажба на градежно неизградено земјиште за 2025 година се планирани околу 61 000 000 денари . На прашањето мое дали реално е да очекуваме 61 000 000 денари за 25-та година од продажба на градежно неизградено земјиште одговорот е оваа цена од 61 000 000 денари е проектирана на најниска референтна цена за тендерирање, така да не се сомневам дека објективно би ги очекувале овие пари во таа вредност. Потоа тука би ги издвоил и делот на трансфери и донации. Тој изнесува околу 195 000 000 денари. Во однос на трансфери и донации би го пофалил делот од

Министерството на транспорт и врски заедно со Општина Кавадарци на реконструкција на улицата Ѓорѓи Соколов, која е завршена, меѓутоа е ставена во текот на наредната година со околу 1 000 000 денари е вклучена Општината, а остатокот, рестото е од Министерството за транспорт и врски и нормално во овие приходи се вклучуваат и проектите од вклучениот унгарскиот кредит кои изнесуваат околу 96 000 000 денари. Во однос на балансот на расходи би ги вклучил капиталните расходи и тие се отприлика околу 270 000 000 денари каде што општинскиот буџет според овие капитални расходи го задржува својот доминантен и инфраструктурен карактер и главен акцент се става токму на таа комунална изградба. Во однос на овие капитални расходи би ги спомнал изградбата на улици и патишта, значи тоа како што рековме ул. Ѓорѓи Соколов, ул. Шишка која во моментот се работи. Тоа е втора фаза за околу 10 000 000 денари, изградба на фекална и атмосферска канализација во с. Дабниште, Ресава каде што вредноста е 23 000 000 денари, меѓутоа тие се заедно со кофинансирање со МЖСПП, потоа изградба на капацитети во енергетиката, тоа е реконструкција и модернизација на уличното осветлување, тоа е проект од 2024 до 2027 година. Во 2025 година се планирани 22 000 000 денари од вкупниот проект кој изнесува 65 000 000 денари. Колку за самопотсетување на жителите на Општина Кавадарци во последниот месец сме сведоци на осветлување на сите три влеза на Општина Кавадарци, зголемување на безбедноста на сообраќајот и на нашите патници, сметам дека тоа нешто со што може да се пофали Општина Кавадарци и објективно алка која во изминатиов период итекако ни фалеше во модернизацијата и разубавувањето на нашиот град, така да од моја лична страна се надевам дека и од самото граѓанство посебно оваа реконструкција и модернизација на ова улично осветлување и овој проектиран буџет кој што ќе се исплаќа во наредните 3 години од 65 000 000 денари итекако е потребен за жителите на Општина Кавадарци, а благодетот ќе го осеќаме здравје Боже сите ние во идниот период. Во моето излагање би се задржал и на кредитот од централната власт од 112 000 000 денари, кои итекако ќе помогнат во модернизацијата и во урбанизацијата на Општина Кавадарци. Тоа е проектите четири кои што во текот на 2024 година Тоа е изградба на новиот кружен тек околу 11 000 000 денари, тоа е на влезот кај Слога, од влезот од Росоман кон Кавадарци, потоа

реконструкција на улицата 8-ми Септември, реконструкција на пристапен пат од месноста Косовец до с. Ресава и реконструкција на линиски инфраструктурна дел од с. Ресава до с. Бегниште, значи проширување на патот. Тоа е на барање на жителите во с. Дабниште со 12 000 000 денари, реконструкција на влезот во локалниот пат до с. Чемерско до 9 000 000 денари и посебен дел кој ќе му обрнам внимание, тоа е реконструкција на отворениот базен. Дел од тие 112 000 000 денари отворениот базен е планиран со 30 000 000 денари, 30 000 000 денари за реконструкција на отворениот базен кој ако го погледниме начинот на опфатот како што беше правен тој е правен прво со друга намена и е правен за друго време, сега со таа реконструкција на тој отворен базен сметам дека со тие средства итекако ќе овозможиме рекреација на нашите жители во текот на летниот период. Би се осврнал малце и на делот на субвенции и трансфери од 26 000 000 денари, тоа е пред се субвенции за јавните претпријатија. Почитувани колеги советници, ние како советници апсолутно треба да внимаваме на начинот на трошење на јавните пари, посебно кога се во прашање јавните претпријатија. Лично во изминативе 3 години како Претседател на Советот на Општина Кавадарци со вас имавме многу полемики околу субвенциите на Општината и донациите и дотациите кои ги вршеше кон јавните претпријатија. Еден мој апел чист до менаџерскиот тим на било кое од јавните формирани претпријатија да во 2025 година се овозможи што е можно проширување на опсегот на услуги и на давање кон жителите на општина Кавадарци и да се надеваме дека трансферите и дотациите на Општината кон јавните претпријатија би посакувал да бидат во намалена вредност, затоа што ние тоа можеме да го направиме, меѓутоа мора и менаџерските тимови да изнајдат механизам и начин преку зголемување на услугите кон давање кон жителите на општина Кавадарци да овозможат тие трансфери да се намалат во идно време. Во однос на трансферите кон невладините организации траекторијата на подадена рака на Општина Кавадарци кон невладините организации 3 000 000 денари е апсолутно за поздравување. Тоа е програма, тоа е заложба и во изминативе 7 години од кога е Градоначалникот Митко Јанчев во однос на нашиот мандат како Совет во однос на изминативе 3 години таа вредност итекако е за поздравување. Во однос на трансферот на 35 000 000 денари до спортските клубови Општина

Кавадарци во однос на овие пари кон спортските клубови е една од единствените во Р. Македонија која има и спорт и фудбал, ракомет и кошарка во прва лига и сите 3 спортски клуба кои доаѓаат од 3 различни спортски сфери се финансирани од пари на Општината како ниедна друга Општина во нашата држава. Тоа е за поздравување. Факт е дека треба да се стремат нивните успеси да бидат на повисоко ниво. Оваа година 2024 иако во есенскиот дел можеби од фудбалот не сме многу задоволни, меѓутоа да не заборавиме дека во текот на пролетниот дел го освоивме Купот фудбалски кој е изваден за првпат од постоењето на фудбалот во Европа. Се надевам дека со проучување на грешките наредната година тоа нема да го зборуваме како проблем и се надевам дека тоа ќе биде надминато во текот на оваа полусезона. Во однос на социјалниот дел тука би го спомнал дека останува делот за секое прваче еднократна социјална помош со вредност од 2000 денари за секое семејство, цирка буџет од 900 000 денари, помош за секое новородено 2 000 000 денари, социјално загрозени семејства со 2 000 000 денари, односно целата социјална заштита го задржува ланскиот плафон на цена од 5 000 000 денари. Тоа што сум посебно горд во консултација со Секторот финансии е трансферот до здравствената заштита како Општина Кавадарци за 2025 година во консултација со менаџментот на Општа Болница Кавадарци со проширена дејност нашиот најголем моментално дел за трошок таму еден од поголемите е надгледот и задолжителниот сервис на компјутерската томографија во ЈЗ Општа Болница со проширена дејност. Почитувани колеги советници, почитувана јавност компјутерската томографија во општина Кавадарци како болница е еден добар, апсолутна потреба која итекако се покажа корисна, јас не сум малциозен да кажам дека тоа беше од претходната Влада преку грант на Европската Унија и сметам дека како наша болница, како Кавадарци итекако помогна за развојот на самото здравство во општина Кавадарци, меѓутоа подлежи под сервис апаратот, тој апарат да не заборавиме е доста скап, колку за ваша информација една катодна цевка која е со временски рок е околу 80 000 евра. Значи оваа вредност ние како Совет на Општина Кавадарци која ќе ја издвоиме од нашиот буџет на Општината околу 1 200 000 ќе биде наменет токму за сервисот на компјутерската томографија во нашата болница. Така да сметам дека тие

пари итекако ќе бидат во корист за жителите на Општина Кавадарци, а ние како општествено одговорни советници и креатори на буџетот од сектор финансии сметам дека тоа е за поздравување. Во однос на самите програми тоа што можам да го поздравам и тоа што посебно ме прави горд во време кога имаме огромен проблем со самото загадување. Тоа е Програмата за заштита со животната средина. Живееме во време каде што загадувањето е реален проблем во цела држава. Искрено како држава во изминатите 30 години и не се вложи многу за тој тренд ако може да го намалиме, да го направиме малце поприфатлив за нашите жители бидејќи би ја поздравил оваа програма за животна средина каде што проектот е кофинансирање на проектот за спречување на загадување, заедно со МЖСПП, односно покривање на Кавадаречки Дол и поставување на цевковод. Тоа е местото од Западен Булевар од втора и трета фаза. Заедно Кавадаречки Дол и Желков Дол итекако влијаат за провев за воздух во тој дел. Тоа е програма со вредност на проектот од 20 000 000 денари каде што Општината заедно со МЖСПП итекако сметам дека треба посебен приоритет да се ставе на овие два дела, бидејќи Желков Дол и Кавадаречки Дол треба да се направат да бидат функционални за провевот на самиот воздух во тој дел. И на крајот би се осврнал сосема кратко на развојниот дел. При разгледување на образложение на буџетот видов дека развојнииот дел е во однос на пристапни патишта и улици во општина Кавадарци, пред се за ГУП-от во 12-те Другари, еден дел од тој развоен буџет за 25-та година е планиран за токму тоа бидејќи 12-те Другари заедно со ревитализацијата со спомен обележјата кои се вложија во текот на овие години прерасна во едно култно место и остана белег на нашиот град и на нашата територија. Почитувани колеги јас сметам дека буџетот на Општина Кавадарци како колеги советници би требало да го прифатиме, пред се заради тоа што ако ги гледаме и претходните буџети не се сомневам дека реализацијата ќе биде во правилна насока. Догодина ни е изборна година, тоа што сме работеле, тоа што сме правеле нашите граѓани ќе го валоризираат здравје Боже на есен. Нас ни останува да понесеме само добра волја, да понесеме критики за тоа што не е реализирано и нашето соочување за тоа што е сработено, а што не е сработено ќе си го кажат повторно граѓаните како и секогаш

досега во изминативе 30 години на плурализам на нашата држава.Јас сметам дека нивниот крик и нивниот глас е секогаш на правилната страна, впрочем нивниот крик го носи и го донесе развојот на Кавадарци вакво како што сакаме да го гледаме. Благодарам. Повели Круме Богевски.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. Значи како што беше очекувано со тоа што се сите амандмани одбиени уште еднаш оваа власт, апсолутистичка власт на ВМРО ДПМНЕ докажа дека нема партиципативност на опозицијата и нема партиципативност со тоа на граѓаните во учеството, заради тоа и јас нели не го партикувам поднесувањето на амандмани заради тоа што знам дека власта на ВМРО ДПМНЕ ги одбива истите, тоа го правев на почетокот на мандатот, но после 4 години веќе праксата е доволно научена. Градоначалниче некои од вашите иницијативи и нешто од вашите ветувања со гласањето против и одбивањето на овие амандмани вие си го погазивте, но добро, како нели сами си одлучувате, вие сте извршна власт. Јас сметам дека фундаментот на извршната власт вие го нарушивте уште од сега. Е сега. Заради тоа што јас доаѓам работничка партија и сакам да ве прашам Дали во 2024 година ви се реализирани вас 13-та плата по колективен договор и дали во овој Буџет, заради тоа што станува збор за буџетот ви се предвидени финансиските средства за 2025 година кои што би требало вие да ги исплатите на работниците од Општина Кавадарци и јавните претпријатија во надлежност на Општина Кавадарци за 13-та плата по колективниот договор. Исто така би сакал да кажам дека вие самите кажувате дека е многу тешко да се најдат работници за овие работни позиции каде што е дестимулативно да се работи, како што се на пр. работниците во ЈП Комуналец, а притоа вие според моите информации знам дека ги имате ускратено тие средства. Ќе ја искористам оваа шанса да ве прашам дали е вистина дека имате директива од вашиот почитуван Премиер г-динот Христијан Мицковски за да ги скратите тие парични средства за работниците, односно дека имате директна директива од Премиерот на Р. Македонија да престанете со исплаќање на 13-та плата во Општина Кавадарци за да нема инерција во останатите општини да се исплаќа 13-та плата.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи во Михајлово во моментот има 1,15 снег, така да на 01.01 со сигурност ќе се отворе стазата, се работе,

интензивно врне уште и тоа е добро, значи кога нешто се прави со позитивна енергија, со позитивна мисла, чесно, поштено ете и природата ни помага и Господ во делот на врнежите со снег како никогаш досега во овие 15 години, наврна 1,15 снег, како за денот на отварањето што ќе биде весело, убаво, на чело со администрацијата и со вработените од Општина Кавадарци и со Федерацијата во делот на Ски Федерацијата на Р. Македонија, спортисти видни, инструктори, луѓе кои што се занимаваат со скијање на светско ниво и во тоа мислам дека сме сите горди и убаво е да бидете присутни, прво за локалниот развој на Кавадарци се впиша во мапата на скијачки градови на територијата на општина Кавадарци и се исполни едно предизборно ветување во делот на скијачкиот центар што цела Македонија и пошироко на Балканот го поздрави сето воа. Значи многу видни професори, луѓе, спортисти, политичари и од други партиски еве вија вика Да можам и јавно би ти се заблагодарил, али ќе ме земат на заб, од други партии мислам луѓе лично што ми се јавија, тоа за мене е доблест и гордост за Општина Кавадарци и за сите вработени во Општината, ЈП Комуналец тука има големо учество, советниците, Градоначалник, местоположбата на Кавадарци, благодетот кој што го имаме во делот на она што како територија го поседуваме, нели Тиквешкото Езеро го имаме,ете имаме планина, ретка општина што такви благодети поседува, па и со правењето на патот од Дисан мислам дека ќе направиме уште поголема туристичка зона. Горе се граде исто, не знам дали знаете винарија преку ИПАРД програма на Тиквеш, има аплицирано за два хотели за развој на туризмот со по 20 легла, ресторански дел и во делот на винскиот развој мислам дека ќе биде многу поголемо, така да Општина Кавадарци дигна големо ниво во делот на впишани општини за туризам, развој и она што некогаш не сме имале ни на сон да ни дојде, сега денеска го имаме, тоа е голем благодет, можеби доброто е тоа што и 2017 година ја добив јас подршката од граѓаните и 2021, ама граѓаните тоа ете гледаш јасно го препознале и го увиделе дека треба така да биде. Во делот на она што значи јавна администрација, јас сум многу задоволен од вработените и секогаш и кога имаме средби месечни и секој понеделник колегиум, си ги завршуваме работните обврски и јавните претпријатија како никое претпријатие, претпријатија во Македонија функционират

беспрекорно, вработените се исто така со позитивни мисли, немаме негодувања, немаме некои политички препукувања, расправии, без разлика кој од каде доаѓа, од каде потекнува итн. мислам дека имаме една хармонија во работењето на Општината, на јавните претпријатија, да си помагате еден на друг и секторски и одделенски и индивидуално функционират беспрекорно, во делот на платата секогаш дискутираме со нив домаќински да се трошат парите, мислам сите се домаќини, функционират, фамилијарни луѓе и многу ми е криво кога не напаѓате за дека контото за плата е зголемено, волку беше пред 3 години, сега е толку, јас секогаш сум бил на страна на администрацијата, сум кажал да тија што работе ќе земе плата и покачувањето на платата е многу нормална работа и треба да оде напред, а ви упорно тоа цело време го критикувате и го напаѓате, зошто така било, зошто така било, за да стигниме во момент сега ви да бидете загрижени за администрацијата и за ЈП Комуналец и како што кажа советникот од Левица вика Ни сме работничка партија, ама немаме ништо сработено. Што имате сработено ви. Ништо. Не, не како партија што сработите. Ништо. Со чевелот печати стававте. Динг. Динг. Е тоа сработите, дури го оштетите бирото на Собранието, али народот гледа, некња се скаравте и со советникот Јованчев таму со погрдни зборови мислам не можам јас ни на сон да ми дојде такво нешто да се изразам, а инаку во делот на к-15 поминавме и лани и ова година на максимална сума од 40 000 денара. Тоа е редок пример и голема доблест и храброст на Градоначалникот и сите да направиш таков потег. Инаку она што споменавте дали некој ни се меша во работењето јас сум заколнат пред Уставот на Општина Кавадарци и пред граѓаните дека воа е локална самоуправа нити има право, нит има можност, нит па смее да се меша во работењето на Општина Кавадарци, освен тие што се назначени лица поготово на највисоко ниво е Советот на Општина Кавадарци и тука се носат сите одлуки крајни кои се одлучуваат и програма и буџет и се. Да ставени се средства за 13-та плата и за к-15 за наредната година, ќе се исплатат наредната година, ставени се во буџет, за 24-та да земавме к-15 од 40 000 денари, лани исплативме да 13-та плата лани, за 25-та е ставена во делот на финансиската програма и мислам дека е се во ред тука. Не гледам ништо јас.Значи има право, не му го зимаме правото, има право, меѓутоа со оглед дека оваа година, сега пак пенал, некни пенал ми дади да шутнам, сега

пак шутираш пенал. Ќе молчиш ли до крајот на мандатот ако ја исплатам. Така е. Не бегам од ниедна обврска. Значи новогодишниот надомест кој што го имаме во Општина Кавадарци, без разлика тоа што го спомена нашиот лидер и Претседател на Владата на Р. Македонија г-динот Христијан Мицковски јас досега не сум добил од никој, ни од него, ниту претходно, ниту сега од него никаква директива, никакво насочување, а најмалку закани, пошто на тоа така реагирам многу бурно. Владата што си ги има нејзините препораки и донесено мерки тоа си значат за владините институции и за јавните претпријатија кои што се под државна надлежност, не важи тоа за локалните самоуправи апсолутно. Трендот кој што го имаме во Р. Македонија ние го следиме и го гледаме заедно со Секторот за финансии, економскиот развој и локалниот економски развој и врз основа на сите показатели економски да немаме ништо против да се исплате 13-та плата, разговараме и 13-та плата се исплаќа во месец јануари, затоа што не може да биде 13-та ако не ја дадиме 12-та. Значи се разговара на таа тема и ставено е во буџет. Во буџет е ставено и мислам дека тука не гледам никаква пречка, не знам зошто ме прашувате кога нешто е ставено во буџет и во програма. Кажано е ќе ги исплатам јануари. Проблемот е друго. Е сега ќе ти кажам кај е проблемот за да го знајш. Проблемот е многу е наменски препораката од Владата, а догодина ќе биде и законски вметнато тоа, како што е вметнато формирање на буџетот на локалните самоуправи и на сите јавни претпријатија без разлика дали се државни, локални или било како, не смее да биде поголем од 30% просекот од последните 3 години, што за мене е многу ок закон за формирање на буџет со развојот со 30% не може да предвидиш со 200, 300 % ка на времето што се предвидувало, е сега во јануари месец ќе има закон за таа работа донесен, еве за твоја информација, работиме на тој закон и јас сум вклучен како член од ЗЕЛС, се работе вака и законот ќе гласе некако во смисол на реализацијата на основниот буџет на Општината. Доколку општините или општината или Градот Скопје платите учествуваат над 30% во основниот буџет нема 13-та плата. Доколку Општината не си ги заврше над 75% обврските од собирање на даноци по било кој основ нема 13-та плата, значи ќе има мерливост. Не е антисоцијален закон. Не може Општина Арачиново да не наплате данок од никој, а да даде 13-та плата. Што се тие повластени граѓани. Не дава

решение за данок на имот, а дава 13-та плата. Дали знаеш дека на Општина Арачиново, како што работе, тие се тие што не ги издават решенијата, тие се тие што не наплаќат, работниците, секторите, јас не го измисли данокот, не е мој данокот. Значи Општина Арачиново има 100 000 000 буџет од кои што 102 000 000 денари се за плати. Тоа е катастрофа. Е сега ка ќе се донесе тија закон, ка што е донесен законот за предвидување на буџетот развоен до 30%, општината што нема да си ги заврше своите обврски под 70% немат право на награда. Каква е таа награда за неработење. Тоа само кај нас постое. Значи кој ќе си ги заврше обврските над 70% реализација на буџет, над 70% прибирање на сите основни даноци кои што се задолжителни со закон да ги прибериш како даноци и реализација на буџетот и ако платата не ти учествува повеќе од 30% ти имаш легитимно право да ги наградиш вработените, во случај како што не е награден директорот на Комуналец ако е загубар, ако нема реализација на програмата, ако треба да смете 30 000 квадрати, а сметил 20 000 годишно. Каква е таа награда. Нема награда. Така да тука го подржувам тој дел до месец крај на јануари ќе биде донесен законот и ние соодветно законот ги исполнуваме условите да си исплатиме и 13-та плата и ќе си поминиме 13-та плата или надомест новогодишен и сите јавни претпријатија кај нас ги исполнуваат условите за таа ситуација, така да нека се донесе законот. Не може за неработењето на некои општини, нефункционирањето да патат тие општини што функционират. Треба да има натпревар. Не е социјализам. Еден за сите, сите за еден. Ние треба да имаме развојна компонента. Треба да имаме натпревар. Во тија натпревар треба да бидеме самостојни, за да бидеме самостојни треба да имаме буџет, за да имаме буџет треба да имаме реализација и граѓаните итекако веќе ги интересира ваа работа и невладините реализацијата на буџетот. Ланската година имаме 101% реализација на буџетот, ваа година ќе имаме над 80% што 4, 5 месеци беше изборна година, по транспарентност трета општина. Никој не може да ни забране да го напаревиме тоа што треба со реализација на нашиот буџет. Ако немаме реализација на буџетот, немаме прибирање на даноците, нема развојна компонента, ка што ви ги гласате ДУП0-вите против, ка што на пр. буџетот не го носите значи воздржано или против. Тоа значи дека треба да не работиме. Тоа треба да значи да бидиме општина неработачи, значи фала Богу што има разумни тука и што го гласат буџетот и што

ги гласат ДУП-вите пр. за да можат нашите компании да не ги именувам поединечно како компании да имат развојна компонента. Развојната компонента ќе донесе и до економија и до побрз развој на општината и до поголема ликвидност и до прибирање на средства и во делот на трети лица кои што ќе бидат вклучени во работење и во развојната компонента. Ако не се граде, нема развојна компонента, нема економија, нема развој, штом нема развој нема буџет, значи Општината е на терет на граѓаните, затоа се направило општина, за да функционира на терет на граѓаните и сега тоа треба да го возвратиме сразмерно на граѓаните. Ако не му возвратиме на граѓаните сразмерно, а ги прибериме парите и си ги дадиме само за плати тогаш сме ужас. Колку проценти кај нас учествува платата, еве Вуко ги знае точно бројките. 25%. Значи 25% у економијата учеството на плата од бруто буџет или од бруто turn over на фирма е одлично. И за Џенерал Моторс е одлично тоа. И за најголемите компании и за средните компании. Мислам економијата еве и Вуко, не од сметководството беше он, да, се согласува еве го за таа работа дека 25% учество на плата е многу добар процент и на ниско ниво. Тоа е одлично. Општина Арачиново е 100% учество на плата. Е тија не може да земе 13-та плата. Мислам дека се согласуваш со воа сето. Да. И благодарам за прашањето.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Градоначалник не ги вадиш компаниите од уста. Ќе има пари за сите компании да им дадиш по некој тендер значи не е проблем тоа, ќе ги прекопате по 35-ти пат улиците, значи се е ок, ќе има за секоја компанија по некое тендерче. ОК е .Не може, значи многу ме потсеќаш на Ана Брновиќ искрено. Значи така да кажиш нешто претходна година дека е стимулативно за да се работе во Општина Кавадарци како работник и сега да дојдиш тука и да го промовираш тоа како. На Ана Брновиќ, тука локално она е поактуаелна. Морам да ти го кажам тоа. Политичкиот манир ти е многу сличен на Ана Брновиќ. Значи едно го кажуваш, наредната година спротивното на тоа го кажуваш и тебе ако те слушат луѓето од Кавадарци тебе, цветно е, бајно е, сјајно е , никој не се иселува, не. Буџетот ти е тебе чисто насочен према компаниите, не ти е насочен према задржувањето на младите дома и си ги бркаш своите политички интереси преку овој буџет. Толку.

ГРАДОНАЧАЛНИК: На Ана Брновиќ може со фризурата ти личам, јас не знам како што наликувам на неа. Ама не стварно.

Прво она зборува српски, јас македонски.Добро кавадаречки, ќе зборувам додека сум жив ќе зборувам кавадаречки. Буџетот на Општина Кавадарци е насочен кон комунална инфраструктура, изградба, подигање на стандардот на граѓаните и условите на жителите на општина Кавадарци и во делот на безбедноста и во делот на економијата и во делот на социјалата и во делот на училишното образование и во делот на здравството и во делот на заштита на граѓаните и нивниот имот. Никако поинаку. Никаков политички интерес немам јас, од јас не разбирам ни п. Значи јас зборувам искрено од душа, од срце ти кажувам. Ако јас политички правев како што тебе ти прават политички Оди тоа да кажиш таму, јас ќе си заминам, а вие одите Како, што треба да кажам тоа, добро и идиш тука кажуваш. Не е фер. Абе имај свое јас. Не си таков, ама некогаш мора. Сега не читаш, го научи напамет. Партиски директиви не постојат во ВМРО ДПМНЕ разберете ме луѓе. Не е ка кај вас. Значи од кај нив си земта пример и ни го насочуваат кај нас.Не постое такво нешто. Еве јас 7 години сум Градоначалник, досега немало ниедна партиска директива. Не постое такво нешто. Не. Значи кај нас таква енергија имаме ние и сплотеност. Ама знаеме зашто имаме искрени намери. Не работиме поединечно, не работиме за некој интерес. Ние сме браникот на заштита на нацијата, на државата и на развојот на општината. Значи буквално. Еден нека дојде во Општина Кавадарци. Еден нека дојде у цела Општина . Еден. И вториот човек ан СДСМ нека дојде од Општина Каваадрци и првиот, ако си ти прв нека дојде и јавно нека каже тука дали имал некогаш притисок, обструкција 7 години или било што . Не постое таков некој. Нема шанса теоретска. Шанса. Напротив ве заштитивме како ретки видови, ами се намалете. И како сега. Уште да ве напаѓаме. Нема шанса теоретска. Значи работничката партија Левица нема, откога постое Левица нема сработено ништо, нит па имала можност да сработе. Ништо нема сработено, само демагогија, само укажувања, а бе по секоја цена публицитет. Народот тоа го сфати веќе. Удварањето према народот треба да биде со друг вокабулар и да биде чесен, транспарентен и искрен ка што го правам јас, а не ви. Јас со Ана Брновиќ, баш ќе и се јавам после и сакам да видам што ни се сличностите со неа. Значи директиви нема. Нема ништо популизам, се си е најискрено, најубаво кажано, тэка да она што го речи тендери, еве да не распишуваме тендери како ќе го реализираме буџетот. Не распишуваме тендери. Ви сите од Левица си работите од

дома на компјутерот, никој не земал храброст да направе фирма, фирмичка, фирмиште да стане и било како, дури гледаш како сте нежни со брадичиња, со црни маички. Немате ви дух за работа и тоа ја го ценам. Ја твојот пак капацитет интелектуален во делот на компјутерскиот систем, тука си ти неприкосновен, за анализи, за програми, за тие работи, тука немам дилема, али менаџерскиот дел кај што треба да ги засукаш ракавите и нешто да реализираш, еве прашај го Ристо Сакалиев колку е тешко.Некња му се испуштил рибникот со риби. Ризик. Е сега Ристо беше научен копни, лапни, нема тоа веќе. Комуналец е градежна компанија и сега друго да ви кажам, сега Комуналец ќе биде прво ЈП, еве ќе ви откријам една работа, ќе ви откријам работа која што со директорот ја работиме, прво ЈП што ќе изваде Б дозвола за градежништво. Ви се губе концентрацијата од што не сакате да ја слушните вистината, од што ве боле реалноста. Се е транспарентно, отчетно, еве ај ќе го повлечиме буџетот, ти напрај го буџетот. Исти ќе го направиш, воа стварно убав буџет бил.Ти гарантирам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалник саат време не напаѓаш тука ад хомен, не навредуваш саат време. Види Градоначалник после не знам колку години сум научил да го читам буџетот, види некој и со сопствен труд во оваа држава си зима дипломи, немаме сите овакво што е мозност да ни дадат фалц дипломи као што гледам како си вадите вие по ВМРО ДПМНЕ. Во однос на буџетот и у оснос на амандманите, мене да ти кажам право не ми личиш на Ана Брновиќ, мене ми личиш на овој од Северна Кореја политички, а и така се пострижуваш, политички да не прифаните 4 години овде ниту еден амандман, кој што е поднесен во интерес на граѓаните на општина Кавадарци е рамно на оноа што се случува у Северна Кореја. Ја не гледам спорно во ниеден амандман кој што беше поднесен од наша страна и политички се однесуваш. Па јас ти кажувам на што ти ме потсеќаш и политички. Еве јас ќе се задржам на буџетот. Може. Значи ниту еден амандман не е прифатен, иако сите амандмани се во интерес на граѓаните на општина Кавадарци. Не е прифатен амандманот за зголемување на лица кои што доаѓаат од социјалено загрозени семејства, не е прифатен амандманот за стипендирање на 10 најдобри ученици, не е прифатен амандманот за реконструкција на Домот на култура, не е прифатен амандманот за еднократен надомест на спортисти кои што имаат меѓународни и домашни натпревари, не е

прифатен амандманот за фудбалско игралиште во с. Ваташа, за тампонирање на земјоделски површини, не е прифатен амандманот за оџачарска служба, за греење во Домот на културата, за реконструкција на улици во с. Сопот кои што сме ги навеилe, за субвенционирање за електронски уреди, за велосипедско пешачка патека која што беше во вашата изборна програма, за 3Д кино кое што 4 години тука го разговараме кое што 4 години тука го предлагаме и постојано велиш дека наредната година ќе го реализираш, не го реализираш, не е прифатен амандманот за колекторскиот систем во с. Сопот, дестилеријата која што ја ветуваше, дури и референдум видиме како се изјаснавте ви како политичка партија, не е прифатен амандманот за еднократна парична помош од 15 000 000 денара за лица со попреченост, не е прифатен амандманот за субвенционирање на теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија на млади лица и исто така не го прифативте амандманот за ослободување од плаќање на партиципација за деца кои што доаѓаат од семејства со ниски приходи. Јас мислев дека ги барате амандманите да ви ги поднесиме не на дента на седницата, да ви ги поднесиме порано се со цел да разгледате, да видите, да одредена идеја која што вас еве ќе ви се допадне, да ја прифатите, меѓутоа очигледно сте изгубиле 3 дена да смислите ујдурми како сите да ги одбиете и тој начин на политичко делување, апсолутистичко политичко делување мене не ме потсеќа на ништо друго, освен на она што го имаме во Северна Кореја на пр. Тоа е во однос на амандманите. Нема да те напаѓам јас лично, јас ќе зборувам сега за буџетот. Буџетот на начинот на кој штое скроен сега. Ќе почнам првен од приходите . Кај приходите, даночните приходи, даноци на имот и сл. лесна е предвидливоста на тие приходи. Кај даночните приходи даноците на имот и сл. лесно е предвидливо заради податоците кои што ги има Општината и тука не очекувам да имаме потфрлања . Буџетот го дувате на нереални основи, преку претприемачкиот приход односно добивките од јавните претпријатија, а тоа е преку добивката на ЈП Комуналец кој што знаеме дека ЈП едвај кубури со финансиски средства и дека нема да може да ги испорачува овие финансиски средства, односно да ги врати на Општината како нејзин основач, тука имате предвидено 141 000 000 и секоја година ги предлагаме истите и секоја година имате по нула реализација во тој дел, после тоа ви се рефлектира во

реализацијата на програмите. Исто така и во делот на капиталните приходи минатата година сте реализирале, односно ова е со последниот ребаланс 48 000 000 за капитални приходи, ќе видиме колку ќе биде реализацијата. Оваа година е значително повисок износот, јас се надевам дека еве ќе успеете да го истиот остварите, ако имам одредена доза на сомнеж. Во однос на унгарскиот кредит беше ветувано во рамки на изборната кампања за последните избори дека 125 000 000 евра ќе дадете во првата година во 2024-та година, 250 000 000 евра во втората година, а гледаме врз база на овој буџет дека имаме само 96 000 000 евра предвидени во буџетот на Општина Кавадарци, а вкупните средства кои што се распределуваат спрема општините изнесуваат негде 66, 67 000 000 евра, односно упола од она што сте го ветувале во изборната програма, односно дека ќе дадете 125 000 000 евра и тоа за 2024 –та, а гледаме дека истите финансиски средства ги имаме во буџетот во 2025 и ќе се реализират во 2025 година. Буџетот во делот на расходната страна ако ги погледнете капиталните расходи оваа година ги имате ставено во делотна унгарскиот кредит како капитални расходи и очекувам дека оваа година ќе биде повисока реализацијата од минатата и од предминатата каде што имавте негден 50, 60%, 100, 120, 140 000 000 денари реализација, сеа ќе биде нешто малце повисока заради финансиските средства кои што сте ги добиле од Владата и јасно е дека ова ви е начин кој што е едно големо задолжување на државата, бидејќи земавте кредит кој што е во вредност од 500 000 000 евра, а треба да вратиме 300 000 000 евра камата на кредитот од 500 000 000 евра кој што е исклучително скап кредит и кој што ви е јасно за што е насочен, а тоа е за локалните избори годинава и за помош на компаниите, односно за главниот бенефит од тој унгарски кредит и тој унгарски заем ќе го имаат компаниите, а граѓаните ќе ги плаќаат високите камати, па гледаме сега дека ќе има најави за зголемување на старосна граница за пензионирање и имаме најави за зголемување на данок на додадена вредност, односно имаме најава за зголемување на одредени даноци заради финансирање на помошта која што ќе им ја дадете на компаниите. Во делот на расходите ние не го напаѓаме висината на делот на плати, само како износ, туку проблемот овде е што имаме сериозно зголемување на бројот на вработените во изминативе 6, 7 години во Општина Кавадарци и во делот на оние кои што се привремено ангажирани као

вработувања. Имате планирано за привремени вработувања 36 000 000 од основен буџет, 12 000 000 раходи од самофинансирачката сметка, значи вкупно 48 000 000, тука е дел намалено во однос на минатата година меѓутоа сепак износот е значително висок и кога ќе го врзите со делот со платите кој што ги издвојува Општината заради зголемениот број на вработувања, донекаде 150, 160 000 000 денари кои што ги даваме само за плати. Субвенциите за јавните претпријатија се зголемуваат од година во година заради тоа што јавните претпријатија 90% работат, односно се загубари и покрај тоа што плаќаме едни од највисоките цени за локални јавни услуги, ние како граѓани. Во однос на буџетот исто така што сакам да кажам е дека голем дел на оноа што претставуваше предизборна кампања и предизборие 2021 година дека голем број на проектите, влегуваме више во последната година од нашиот мандат та гледаме дека голем број, посебно од крупните проекти не се сеуште реализирани и во делот на велосипедско пешачка патека и во дел на мини зоолошка градина и во дел на затварање на централно градско подрачје и правење на шеталиште, заобиколницата ја зборувавте многу често, велите дека се работе, ние ништо не можеме да видиме, гасификацијата ја нема во овој буџет, велите дека ќе ја има во некој нареден, сте ветиле прочистителна станица, на пр. една Гевгелија, пошто ние сме многу напред отидени као град, една Гевгелија има прочистителна станица, Кавадарци нема и голем број на други проекти, кои што сте ги ветиле во рамки на предизборната кампања кои што се клучни капитални, големи проекти кои што требало досега да ги имате реализирано, за жал ги немате и за жал ги нема во овој буџет. Јас мислев дека оваа година ќе проработи некаква си демократска свест да дел од она што е предлог на опозицијата и прифатите, но за жал и оваа година доеден сите амандмани беа одбиени.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Така бе советниче малку пореално да збориш. Прочистителна станица, гасификација, чист воздух, не ми поднесувааш амандмани, де греењето реши го у Домот на културата, решено е тоа, стави рачки на паркот за држачи, завршено е, вакви амандмани требело да поднесеш. Зошто не поднеси вакви амандмани. Абе тија ќе ги прифанев, ама нема потреба да поднесуваш. Ни сме свесни и совесни и тоа веќе го имаме предвидено и во буџет и во програма и во тија унгарскиот кредит што го спомна 5 000 000 евра. Тоа преѓеска

ти го кажав, пак ќе ти го кажам дека се што кажа, се ќе се заврше.Ќе видиш сигурен биди. Значи не можеме ни преку ноќ да завршиме милион работи, значи одиме, движиме напред, тоа е видливо. Јас само сакам пак да ве повикам да гласате за буџетот, оти последна шанса ви е, последен буџет вие барем да се впишите во историјата на Општина Кавадарци дека сте донесиле еден буџет, али тоа си е ваш легитимно право како ќе си одлучите така, али убаво е да се гласа за буџетот и јас за 10-тина минути ќе морам да одам за Скопје, затоа да не испадне дека бегаме затоа нели ве ислушав, одговорив се што треба и ако имаш Јован и ти прашање некое сега уште ти ми фалиш, а убаво си живееме, дај да одам за Скопје да го потпишам договорот за ова преддоговор имаме за гасификацијата, тоа ќе биде тема у Влада, со Министерството за екологија, со МВР, за предсогласност за градење на гасификацијата, безбедносни мерки некои треба да се потпишат, да се земат согласностите со Елена Тасевски и она треба да дојде. Тоа е тоа одењето за Скопје, да мислите дека нешто е прослава или било како. Битен момент е да у ваа година тоа го издајме како согласност и до февруари да го тендерираме, така да ќе останам уште 10 минути ако има нешто суштински, ако не после ќе ве оставам, ова е да не се плашите од мене како личност дека ме нарекуваш Северна Кореја, можеби и те страв Бог да чува, вака нема да бидам тука, ќе си гласаш сам покомотно.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Било кој буџет колеги, јас секогаш сум гласал буџет. Мене ми е понижение да не го гласам. Ќе го гласам. Тоа е за сите нас, него сакам буџетот да биде заеднички и на левите и на десните и затоа и претходниот претходниот мандат го замолив Градоачалникот да прифати дел од амандманите за да биде буџетот заеднички, да има право после да бара да го гласате. Тоа што сега последно го кажа дека се ќе се заврши, ама не ти ги прифаќам амандманите, мене ми иде како некоја партиска директива, се што е од лева страна да не се прифати, а ако се направи граѓаните пак се задоволни. Е тоа е Градоначалник директивата што мислиш дека ќе ти ја дадат , не ти ја дават, него сам си ја ставаш за да се додворуваш на власта и тоа е негативна работа од ваша страна. За да биде интересен буџетот, да биде прифатлив за сите треба сите да учествуваме по малку, овие 99%, ни 1% и така бидува. Друго сакам да споменам. Си планира администрацијата и Градоначалникот колку пари да собери по

едниот основ, а по другиот колку да троши, тоа е нормална работа и ние даваме пас на таа работа, него тоа што Градоначалникот кажа дека доаѓат пари од централната власт за инвестиции во Кавадарци е добро, ако се заврши сета работа и тоа се капитални инвестиции, да го искористиме како предност оваа година пошто ни е завршна, наредна година си одиме, го оставаме Советот на други советници и градоначалници, да останеме не многу должни, па овие капиталните инвестиции да ги застанеме наредна година, да се пораздужиме каде што имаме створено некој дуг од претходните години, секогаш кога го гласаме буџетот викаме Влегуваат 100, излегуваат 95 и сега малку е тешко да видиш по тие основи што ние сме слушале извештај и сме гласале буџети од кај се створи дупката, вакумот и немаме време да гледаме кај се створил, што се сторил, него да направиме една акција наредна година, да ја затвориме таа дупка, да не останеме должни при завршувањето на мандатот. Во таа насока колеги сакам да зборам. И друга работа. Да се надоврзиме на она што го зборевме за к-15 и 13-та плата, к-15 ја посакуват сите општински фирми и Комуналец и Јасмин и Превоз и Паркинзи да имат,. нели тоа го договара Градоначалникот, да не ги дели една 15, друга 40, Тоа ми беше насоката. Ако немаме ние 13 плата, нема за сите. Ако имаме к-15 општинска администрација, иста администрација е и Комуналец, исто се и овие неколку помали јавни фирми, да не ги ставиме во подредена улога или потчинета улога, значи сме сите загубари, исти сме сите и барем исто пари да земиме. Тоа беше мојата замерка према Градоначалникот и насоката на советниците како да го изгласаме сите заедно буџетот, кога ништо не се прифаќа од една страна и нормално тој од незадоволство · да гласа против буџетот. Толку. Благодарам.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседавач на Советот, почитувани колеги советници, почитувана јавност, почитувани граѓани. Денеска пред нас е точката на дневен ред за разгледување на Предлог Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година. Ова е многу важна точка од причина што ова е досега најголемиот буџет што бил предложен и затоа што ние со нашите дискусии и со гласањето за овој буџет даваме насоки во кој правец ќе се развива нашата општина. Вкупниот буџет на Општината изнесува околу 24 000 000 евра, што е значителна сума која овозможува финансирање на разни програми, проекти, од нив околу 12 000

000 евра се основниот буџет што укажува на важноста на финансиското управување и ефикасноста на трошоците во текот на годината. Буџетот на Општината за 2025 година кој изнесува околу 24 000 000 евра е важен финансиски инструмент за реализација на јавните политики, инфраструктурните проекти, социјалните услуги и развојните инцијативи на Општината. Ако се има во предвид дека нашата Општина е со околу 37 000 жители, просечниот буџет по жител изнесува околу 648 евра. Ова може да послужи како индикатор за капацитетот на Општината, за да обезбеди јавни услуги и инфраструктура за своите граѓани. За овие жители околу 37 000 ова сума од околу 24 000 000 евра претставува значаен износ кој треба да се распределува внимателно за да се обезбедат сите потреби на локалната заедница и да се потикне економскиот развој. Со овој буџет Општината треба да ги планира своите расходи на начин што ќе обезсбеди задоволување на основните потреби на граѓаните и ќе создаде услови за одржлив развој. Од приходната страна која е планирана на околу 24 000 000 евра ја би ги извоил неколку позиции и тоа неданочни приходи, претприемачки приходи, планиран износ од околу 2 300 000 евра како добивка на ЈП Комуналец за која сметам дека Општината нема да ја реализира, капиталните приходи, приходи од неизградено градежно земјиште во износ од околу 1 000 000 евра за кои посакувам да се реализира, но тоа не зависи од нас туку од атрактивноста на локациите и заинтересираноста на инвеститорите, трансфери и донации за проектите од унгарскиот кредит во износ од околу 1 570 000 евра. Овие парични средства нашата Општина ќе ги добие по реализирањето на секоја времена ситуација од планираните проекти. Така да сите граѓани на нашата општина посакуваат овие проекти да се реализират до крајот на 2025 година и да се добијат овие планирани средства, односно да не се префрлат некои завршни ситуации и за во 2026 година. Во делот на расходната страна се планирани околу 24 000 000 евра и јас би ги поделил на некои позиции и тоа административни трошоци, плати, надоместоци и привремени вработувања, капитални расходи, инвестиции во инфраструктура, социјално образовни програми, градежни и урбанистички проекти и трошоци за живот, средина и одржлив развој, трошоците за плати и надоместоци на градската администрација изнесуваат околу 2,1 000 000 евра или околу 210 000 евра

месечно. Ова може да укаже на потребата за оптимизација на административните капацитети, односно ако се има во предвид дека платите за администрацијата се голем дел од овој предвиден и предложен буџет. Трошоците за привремените вработувања се околу 600 000 евра. Важно е овие трошоци да се рационализираат и да се насочат кон конкретни потреби како што се инфраструктурни проекти или јавни услуги. Привремените вработувања се неопходни, но треба да бидат прецизно насочени и оптимизирани и да се избегне поголем товар на буџетот. Расходите за плати, надоместоците за администрацијата и привремените вработувања, тие не само што го обезбедуваат функционирањето на Општината туку исто така се и важни за испораката на јавните услуги. Во 2025 година Општината може да се соочи со притисок како да го задржи квалитетниот кадар. Во рамките на разумни размери и да се обезбеди ефикасност од нивното работење, потребно е да се разгледа можноста за унапредување на електронските услуги и дигитализација за да се намали зависноста од физичка администрација и да се заштедат ресурси. Во овој буџет не забележав резерви, кога во 2025 година значи има едно или неколку зголемувања на минималната плата, со тоа и бодот за наградување на вработените во градската администрација ќе се зголеми, а тоа значи дека се зголемуваат и вкупните потребни парични средства за исплата на плата, ова мора да го очекуваме, затоа што потрошувачката кошничка е се поголема. Ова е и едно од барањата на синдикалните водачи и тоа е и барање од Светска Банка со што би се зголемил процентот на ПИОМ и би се намалила дупката во Фондот за ПИОМ. Во делот на капиталните расходи кои изнесуваат околу 4,5 000 000 евра и претставуваат важна компонента за развој на инфраструктурата и јавните услуги, изградба на патишта, објекти. Овие расходи имаат значително влијание за развојот на Општината. Со оглед на нивната големина треба да бидеме сигурни дека тие се ефективно насочени кон најпотребните проекти кои ќе имат долгорочен позитивен ефект врз општината. Капиталните расходи потребно е да се насочат кон важни инфраструктурни проекти како што се реконструкција на патишта, изградба на нови објекти и обновување на јавни простори и инвестициите во зелените зони. Во контекс на развој на општината ова е клучен сегмент од буџетот кој има потенцијал да го подобри животниот стандард на граѓаните и да

ја стимулира локалната економија. Капиталните инвестиции треба да се фокусираат на инфраструктурни проекти кои ќе обезбедат долгогодишна корист на општината. Капиталните расходи бараат внимателно планирање и мора да се следат сите проекти и да се избегнат прекумерните трошоци или непотребното пролонгирање на проектите. Направив и една кратка анализа на предвидените средства за потикнување и развој на туризмот во буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година. Тоа е во Програма Г Локален економски развој, подпрограма Г2 Потикнување и развој на туризмот и износ во оваа подпрограма е 3 170 000 денари или околу 50 000 евра и се предвидени услуги за копирање, печатење и издавање, објавување на брошури, огласи, други трансфери, плакати, признанија, сувенири и други одбележја итн, меѓутоа за мене овој износ е многу мал и оваа сума предвидена за потикнување и развој на туризмот од вкупниот буџет од околу 24 000 000 евра за наша општина со околу 37 000 жители претставува мал процент од вкупните средства, односно околу 0,22%. Ова може да има различни импликации во зависност од стратегијата на општината за развојот на туризмот и нивото на туризмот во општината. Ова сума од 50 000 евра за потикнувањето на туризмот е релативно мала и особено ако се земе во предвид важноста на туризмот како сектор кој може да генерира економски раст, вработувања и промоција на локалната култура и локалните ресурси. Доколку овие средства бидат правилно распределени, дали тие можат да имаат позитивен ефект за развој на туризмот, неопходно е да се фокусираат на специфични области кои имаат потенцијал за краткорочни и долгорочни резултати. Јас се надевам дека во текот на наредната година ќе се обезбедат дополнителни средства во оваа подпрограма и се надевам дека со овие дополнителни средства ќе се даде можност за развој на инфраструктурата, за развој на туризмот, патишта, паркови, туристички патеки, програми за маркетинг промоција, локални настани, учество на туристички саеми, обука на туристички водач. Сакам да потсетам дека уште пред една година предложив и мојот предлог беше прифатен од сите советници дека е потребно да се отвори паралелка за туризам во некое средно образование, но до денеска тоа ништо не е направено. Да се зголемат угостителските капацитети, туристички и да се подобре работењето на туристичките агенции. Ние бевме сведоци дека за Тиквешкиот Гроздобер немавме туристички капацитети да ги

сместиме сите гости кои што сакаа да останат овде на ноќевање. Потенцијалот за развој на туризмот во општината зависи какви се и природните и културните ресурси, инфраструктурата и маркетинг стратегијата. Ако општината има веќе некои основни туристички атракции, како што се историски локалитети, природни убавини и културни настани, тогаш овие 50 000 евра факт е дека се мали, но треба да се искористат за промоција и базична инфраструктура за развојот на туризмот. Во делот на социјалните програми како што се подршка на социјално загрозените групи, здравствените услуги, културно образовни институции претставуваат важен аспект од локалната политика за 2025 година и во овој дел овие средства не се задоволителни, меѓутоа важно е да се подржат и доколку е возможно да се зголемат вложувањата во овие области од кои директно влијаат на квалитетот на животот на нашите граѓани. Општината треба да им даде приоритет на тие програми кои ќе имаат најголем ефект врз јавната благосостојба, но и да обезбедат одржливост и финансиски ресурси. Во делот на планираните средства од буџетот за 25-та година за руралните подрачја можам да кажам дека и овие средства не се доволни за задоволување на потребите на граѓаните кои гравитираат кон овие рурални селски подрачја. Ние бевме сведоци кога имавме средба со месните заедници и граѓаните од месните заедници дека потребите за тие рурални подрачја голем дел не беа реализирани во 24-та година и се надеват дека ќе бидат реализирани во 25-та година. Дај Боже со овој буџет да имаме средства да ги реализираме сите потреби за тие месни заедници, односно за патна инфраструктура, водоснабдување и канализација, ел. енергија, подршка на земјоделството, развој на локални индустрии, развој на селскиот туризам, подобрување на образовната инфраструктура, професионални обуки и вештини на тие подрачја, изградба на модерни здравствени установи, програма за подршка на старите, инвалидите и социјално загрозените семејства, организирање на кампањи за здрав живот, превенција на болести и важноста на вакцинацијата, еколошко земјоделски методи, јакнење на жените во руралните заедници, програми за едукација и економска независност на жителите преку микрокредитирање, претприемаштво и нивната улога во земјоделието. Проектите за обновливи извори на енергија, агротуризмот, инвестициите во водоснабдувањето, руралните заедници може да напредуваат со добропланирани, интегрирани проекти кои ги земаат во предвид

потребите на населението, природата и можностите за економски развој . Буџетот на општината за 2025 година од 24 000 000 евра за околу 37 000 жители претставува значајна можност, но и сериозен предизвик за одржување на балансот помеѓу развојот на инфраструктурата, јавните услуги и економската одржливост. Потребно е активно управување, рационално распределување на ресурсите и активен пристап за решавање на економските и социјалните предизвици кои може да се појават во текот на годината . Овде би ја искористил можноста затоа што гледам дека има доста присутни, голем дел од менаџерите на јавните општински претпријатија и би сакал да упатам апел дека голем дел од вашиот труд, реализацијата на буџетот ќе зависи од вашиот труд вложен и од вашите менаџерски способности. За жал еве одтука ќе истакнам дека има добри, кавалитетни менаџери, меѓутоа сметам дека има и промашај, немат менаџерски способности, па некои од нив дури немат ни дојдено цела година, ниту програма да презентират, ниту да дадат некои предлози, мислам дека сите треба да бидиме ангажирани ако сакаме да го оствариме најголемиот буџет, сите со заеднички сили и на крајот да кажиме дека и ние сме учествувале при изградбата на некои објекти кои што биле предвидени во овој буџет. Јас ќе гласам за овој буџет, сакам да се реализира, сакам да бидам дел од овој Совет кој што ќе имаме право да кажиме дека сме биле успешни во нашиот четиригодишен мандат. Ја користам приликата, не знам дали ќе се јавам пак за дискусија да ви честитам Нова Година и Новогодишните празници и ви посакувам се најдобро. Ви благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче се што кажавте на место е.Во право сте.Треба да се работе на сите сфери и се работе на сите полиња и пак ќе кажам дека ќе почнам од една општа работа кај што треба да си ја сакаме општината, да си ги негуваме претпријатијата, треба да си го сакаме народот, да си ја сакаме нацијата и само така може да изградиме нешто. Еве класичен пример на скијачкиот центар ќе бидат 25 луѓе кои што ќе работат, од 01.01. почнува со работа, сите тие луѓе ќе бидат од Општина Кавадарци и од јавните претпријатија, каде што обемот на работа во јануари и февруари е намален и немат толку обврски и редовната работна обврска ќе си ја извршуват на самиот Скијачки центар. Тоа е едно домаќинско работење и едно компактно работење и заштеда и само така може да направиме нешто, инаку ако само вработуваме и само подигаме плати и

само кажуваме кој колку треба да земе, ич нема да стигниме до ништо. Знајш еден колектив како функционира, така да јас, прво ми е како да кажам чувството многу убаво што вработените и во Општината и во јавните претпријатија го имат тој слух во себе и имат елан за нешто да придонесат и да направат за Општината плус, плус и плус, значи не доаѓа само за плата него функционира како што треба нештото. Мислам дека од сите полиња кои што ги спомна имаме делумни заслуги, имаме делумни слабости, меѓутоа секогаш корекцијата е за почит и тоа што треба да го направиме и што можеме да го постигниме, ќе го постигниме и заеднички ќе го направиме. Секогаш креативните, позитивните и сите други забелешки за мене се прифатливи, неприфатливи се, необјективни или незнам непродуктивни или како да ги наречам незнам некои забелешки или амандмани, тоа не можам да го соцвакам и прифатам, меѓутоа тоа што е на место, ние стоиме на располагање, го покажавме овие 7 години дека може Општината да движе и да функционира како што треба. Само за потсетување пред 7 години буџетот основен на Општина Кавадарци беше 180 000 000 денари. Ниедна Општина нема зголемено буџет за 7 години, освен Општина Кавадарци кај што стигнавме до 700 000 000 основен буџет и реализација од над 500 000 000 денари на буџет кај што е за почит. Пред тоа беше 180 000 000, а реализација 150 000 000. Значи имаме 4, 5 -кратно зголемување на самиот буџет и реализација на буџетот. Тоа е видливо. Видливо е. Сето е видливо и народот го чувствува и го сака и така треба да продолже. Ја ви благодарам за сите прашања, за учеството во буџетот, да имате плодна дискусија и плодна понатаки по другите точки, како што кажавме заминуваме за Скопје за потпишување на тој договор, ќе го завршиме, па нека ни се среќни празниците околу Нова Година, Новогодишните празници, уште еднаш покана јавна на 31-ви имаме официјален коктел токму во оваа сала, заедно со бизнис секторот, со невладини организации, наши партнери и други институции, па повелете на коктелот, односно коктелот го организира Советот и Градоначалникот на Општина Кавадарци, не го организира никој друг. Исто на 01.01 сите имате информација и покана за отварање на ски стазата во ски центарот Михајлово која што ќе биде итекако чест и задоволство за Општина Кавадарци, поготово за најмладите кои што ќе научат да скијат, да се релаксират и да дишат чист воздух, барем еднаш во неделата на

1300 метра надморска висина, во една одлична снежна бајка. Ви благодарам многу. Претседателе ќе ме извините. Доколку има нешто суштинско достапен сум на телефонот и ви благодарам за соработката и ваа последна седница од ваа година сакам да биде продуктивна и е многу значителна за носење на буџетот, ова е свечин чин за мене, исто како регистрација на нешто друго, кое што значи позитивно. Благодарам.
СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, колеги советници, служби во Општина Кавадарци, почитувани сограѓани. Измина уште една календарска година, исполнета со многу предизвици и како Совет и како Градоначалник на Општина Кавадарци успеавме да ги надминиме се со цел за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на Општина Кавадарци. И покрај фактот дека имавме изборна година сепак Општина Кавадарци успеа во висок процент да го реализира проектираниот буџет за 2024 година. Денес пред нас како прва точка на дневниот ред го имаме Предлог буџетот за 2025 година, кој е димензиониран на износ од 1 469 655 000 денари или рекордно највисок буџет на Општина Кавадарци. Проекцијата на овогодинешниот буџет се состои од основен општински буџет во износ од 738 709 000 денари, приходи од дотации во износ од 649 000 000 денари, приходи од самофинансирачки активности во износ од 56 000 000 денари, приходи од донации во износ од 24 689 000 денари. Буџетот на Општина Кавадарци е поделен исто така и на 3 дела и тоа општ, развоен дел и посебен дел на буџетот. Општиот дел на буџетот ги содржи вкупните приходи и други приливи и вкупните расходи и други одливи на буџетот за фискаланата година. Посебниот дел на буџетот содржи план на одобрените средства на буџетските корисници по програми и подпрограми и ставки за фискалната година и развојниот дел на буџетот ги содржи плановите на програмите за развој на буџетските корисници, прикажани по развојни проекти. По однос на приходите во буџетот за 2025 година се предвидуваат даночни приходи во износ од 295 000 000, неданочни приходи во износ од 152 000 000, капитални приходи во износ од 94 000 000 денари и трансфери и донации во износ од 196 000 000 денари. Исто така во делот на приходи да не ги заборавам и приходите од самофинансирачките активности во износ од 56 000 000 денари, приходи од дотации во износ од 649 000 000 и приходи од донации во износ од 24 000 000 денари. Во однос на

расходниот дел на основниот општински буџет е димензиониран на 738 000 000 денари или онолку колку што Општина Кавадарци треба да го собере во приходниот дел на основниот општински дел, а сега би сакал и да спомнам и неколку проекти кои се предвидени со овој буџет. Тоа се изградба на улици и патишта во износ од 56 000 000 денари и тоа асфалтирање, поплочување и изградба на потпорни ѕидови по урбани заедници во износ од 28 000 000 денари, поплочување и изградба на потпорни ѕидови во селски месни заедници во износ од 11 000 000 денари, изградба на улица Шишка во износ од 9 000 000 скоро 10 000 000 денари втора фаза, изградба на фекална и атмосферска канализација во износ од 23 000 000 денара, изградба на капацитети во енергетиката, односно реконструкција и модернизација на улично осветлување за период 2024, 2027 година во износ од 22 000 000 денара. По однос на овие капитални расходи сакам да ги спомнам и проектите кои Општина Кавадарци ги аплицира за средствата од унгарскиот кредит кои што новата Влада сака да ја раздвиже економијата по катастрофалното владеење на претходната власт, а тоа се проектите изградба на кружен тек R1107, надвор од опфат при влез во град Кавадарци во износ од 11 000 000 денари. Проект број 2 Реконструкција на ул. 8-ми Септември во износ од 9 000 000 денара. Проект 3 Пристапен пат до место викано Косовец до с. Ресава. Проект бр.4 Реконструкција на линиски инфраструктурен објект локален пат од с. Ресава до с. Дабниште во износ од 12 000 000 денара. Проект 5 Реконструкција на локален пат до с. Чемерско во износ од 9 000 000 денара и проект бр. 6 Реконструкција на отворен градски базен во износ од високи 30 000 000 денара. Не би сакал да должам уште многу, но не можам да не ги спомнам и програмите како ЛЕР кој е проектиран во износ од 74 000 000 денара, програмата култура во износ од 54 000 000 денара, програмата во однос на образование во износ од 575 000 000 денара, програмата за социјална заштита во износ од 5 133 000 000 денари кои воедно ја дава и социјалната компонента на овој буџет. Исто така тука би ги спомнал и предвидените средства во спортот кои се во износ од 35 000 000 денари. Почитувани во ова мое излагање поголем дел од овој Предлог буџет кој е пред нас на разгледување искрено сум убеден од искуство од овие 3 години како Совет и Градоначалник, а особено темпото на работа на нашиот Градоначалник без проблем ќе се реализира овој

буџет, иако знаеме дека 2025 година е изборна година и сите ние како Совет, Градоначалник и служби на Општина Кавадарци ќе се однесуваме одговорно и ќе помогниме за реализација на овој буџет, се со цел да го подобриме квалитетот на животот на граѓаните на општина Кавадарци. За крај скам на сите граѓани на општина Кавадарци да му ги честитам престојните Новогодишни и Божиќни празници, да ги поминат во мир и благосостојба со своите најблиски. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, почитувани колеги советници, медиуми, сограѓани, администрација. Значи јас ќе бидам пократок во делот на буџетот, бидејќи имаше плодна дискусија и како што и наложува Законот за извршување на буџети да биде транспарентен и јавен значи пред јавноста сите си ги кажаа своите факти и така и треба да биде, бидејќи буџетот е план за една година, каде што се нели приходите и расходите и како треба реално да се лоцира. Значи буџетот како јавен акт како што спомнав треба да е транспарентен и да се совпаѓа консолидиран буџет, бидејќи исто како што државата го праве буџетот каде што нивните трошоци за нас се дел од приходи, затоа и го спомнав терминот консолидиран, бидејќи тие се поврзани. Значи буџетот најбитно во се од него, како што ги спомнавме претходно приходите, значи тие се стабилни и редовни, но сметам дека најбитна работа во сето тоа е што партиципира во буџетот, односно посетите што ги имавме во урбани и месни заедници, предлози од советниците, предлози од заинтересирани лица, од правни и физички лица, значи сето тоа е вкопено во овој буџет . Партиципативноста во буџетот е најбитен факт затоа да се видат приоритетите и кои цели се реални и остварливи, а со тоа и кои се приоритети што можат да се реализират. Значи мое сметање, односно знак дека овој буџет се движи во насока, односно е изготвен најдобро од сите претходни буџети се капиталните расходи, б идејќи капиталните расходи е нешто што граѓаните можат да го осетат и нешто што граѓаните значи го чувствуваат . Капиталните расходи влијаат на GDP-то, односно на бруто домашниот производ, а знаеме дека бруто домашниот производ и новите капитални инвестиции во градот носат нови работни места, ја предвижуваат економијата, подобруваат за животниот стандард на населението, со тоа се носат нови инвестиции и затоа освртот на капиталните инвестиции во овој буџет е најголем досега. Значи капиталните

инвестиции во буџетот за 2025 година се во износ од 274 950 000 денари или споредбено со претходната година, односно со сегашната нели што ќе заврши 24-та каде што биле 159 000 000 денари се зголемени за 115 951 000 денари, значи знаеме дека за тоа најмногу придонесува помошта од државата и тоа е клучно во овие општини кои што се во првите неколку фази на децентрализација, нели сите општини во Македонија каде што државата ќе има клучен фактор, односно ќе помага во делот и развојот на општините. Моменталните 274 951 000 денари во основниот општински буџет, кој реално Општината го има за трошење, односно не е остатокот од буџетот кој што е стриктно наменски со дотации за плати, за школи, градинки, основни и средни школи, значи учествува со 37% . Може да кажам дека тоа е за пофалба и не знам дали има и друга општина што од целокупниот основен буџет учествува ставката капитални расходи 37%. Капиталните расходи знаеме што значат. Значат раздвижување на градежништвото, раздвижување на тие 30-тина гранки, значи во градежништвото кои што ќе ја подобрат економијата , GDP на локално ниво, а со тоа и нови работни места, значи затоа и стапката во Кавадарци на локално ниво на невработеноста е 2% . Ова само ќе значи бидејќи реално нема невработеност, односно има само тие што не работат само би придонело за допринос за во Кавадарци да дојдат работници од страна да работат, бидејќи е реално веќе, значи некои гранки не можат да се најдат луѓе за тие работи, бидејќи значи економскиот дел во градот каде што придонесува дел и државата, дел и локалната самоуправа и се разбира и бизнис компаниите, значи се на највисоко ниво. Значи како што спомнав капиталните расходи, тие се за изградба на улици, патишта, за изградба на фекална, атмосферска канализација, изградба на системи за водоснабдување, по изградба од унгарскиот кредит, по неколкуте капитални инвестиции што ги спомнаа претходно колегите, нема да ги повторувам, значи овде се и плаќањата влегуваат од претходни години што се изградија, значи капитални објекти во градот како катни гаражи, пазар, по урбани и месни заедници, значи сите по урбани и месни заедници се опфатени со вкупен износ од 42 000 000 денари, урбаните заедници и месните од 74 000 000 денари , значи износ во инвестиции, значи можам да кажамдека нема место во Кавадарци каде што во идната година нема да се граде и дополнително како што е најавено со другите дотации кои што се помош, односно директни

дотации од Владата што ќе бидат уште 5 000 000 евра изразени во денарска противвредност Кавадарци ќе биде вистинско градилиште наредната година, иако е предизборна, значи знаеме дека се градеше и претходните 3 години, но ова година со тој да го наречам значи поттик, односно таа инекција стимулација од државата, значи Кавадарци ако се движело досега со голема брзина, сега ќе биде уште со супер поголема брзина. Мое мислење е како советник дека ваквото работење и ваквото менаџирање на Општината треба да го подржиме и ова е доказ и пример, не само во Македонија, туку и пошироко на Балканот, значи како треба да се менаџира и работи една општина. Ви благодарам.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани медиуми, граѓани, колеги советници, присутни, почитуван Претседател на Совет. Значи денес го разгледуваме буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година. Имавме плодна дискусија на комисија за финансирање и буџет и таму ние како советници поставивме доста прашања во врска со повеќе ставки од овој Предлог Буџет. Им благодарам на вработените од секторот финансии за нивните опсежни одговори, така што јас сега ќе се задржам само на некои ставки кои сметам дека треба да ги потенцирам и да го кажам моето мислење и мојот заклучок врз основа на овој предлог буџет. Значи вкупниот износ на буџетот на Општина Кавадарци за 2025-та е 1 469 655 000 денари или за 188 000 000 поголем од претходниот буџет, значи имаме високо димензиониран буџет, висока цел поставена како Општина и поскаува навистина голема работа, посветеност во исполнување на овој буџет. Направив анализа со претходните буџети што сме ги имале и што сме ги разгледувале тука и мојата констатација ќе ја задржам на двете ставки основниот буџет и дотациите, затоа што приходите по основ на самофинансирање и донации се со помали апсолутни вредности, не дека не се значајни, но сепак мал придонес имат во процентот на учеството во вкупните приходи на буџетот на Општина Кавадарци. Дотациите оваа година се 649 000 000. Тоа се средствата што доаѓаат од централниот буџет за покривање на платите, главно на платите на вработените во државните институции кои се управуваат од локалната власт, а се финансират од централната власт и тука има и некои трошоци, покривање за некои трошоци, комуналии и греење на овие институции. Главната констатација е што секогаш кога носевме буџет дотациите беа поголеми во однос

на претходната година, сега со овој буџет имаме 649 000 000, тој износ беше и со последниот ребаланс за 2024 година. Значи зголемување немаме на буџетот по основ на дотации, значи централната власт ќе ни испорача средства првично според овој предлог колку што сме имале минатата година. Минатата година стартувавме со помал износ, со ребалансот ги зголемивме и генерално имавме често зголемување на средства на дотации, затоа што имавме таква политика на централната власт, зголемување на минималната плата, зголемување на плати и тоа беше заради тоа и зголемување на овие средства, значи пораката до централната власт дека треба да се насочи пак на зголемување на минималната плата и зголемување на плати заради тоа што имаме најниска минимална плата во регионот и тука мораме посебно да се насочиме и ние како локална самоуправа да бараме, но исто така и да го слушаме гласот на граѓаните дека минималната плата навистина треба да се покачува и таа е навистина ниска за животниот стандард и треба да се насочиме на зголемување на животниот стандард на луѓето. Тоа е во делот на дотациите. Во делот на основниот буџет, значи основниот буџет се состои главно од средства што ги прибира Општината, кои што по закон ги има како обврска, да собира значи данок на имот, данок на специфични услуги, данок на доход и тука исто така се неданочните приходи, капиталните приходи и трансферите и донациите што доаѓаат од другите нивоа на власт. Навистина оваа година имаме високо поставена цел во овој дел, 738 000 000 спомнаа претходно колегите и навистина имаме значително зголемување во однос на претходниот буџет, секогаш кога имавме неисполнување, значи кога зборуваме за неисполнување на приходите треба да гледаме колку тие се реални, колку треба да ги оствариме. Кај дотациите секогаш сме имале оптимално остварување, па и кај другите приходи самофинансирање и донации. Најголем процент на неостварување имавме кај основниот буџет, затоа тој треба да биде и посебен предмет на анализа. Е сега кај даночните приходи реално имаме остварување и сега ако направиме анализа со претходниот буџет гледаме дека имаме пак зголемување на данок на плати, што да речиме во однос на претходниот буџет, немаме зголемување на стапка на процент што се издвојува од централниот буџет во локалните самоуправи, значи во општинските самоуправи, претходно секоја година имавме зголемување на овој данок и заради тоа имавме

зголемување на овој данок, на тој начин се подобруваше и финансиската способност на секоја општина и се работеше на децентрализација и подобрување на децентрализацијата на секоја општина. Сега во овој буџет имаме зголемување на данок на плати, а немаме зголемување значи на даночната ставка, на кој начин ќе ги оствариме овие поголеми приходи по овој основ ќе видиме, тука значи сметам дека не би можеле да оствариме поголем приход од минатата година, затоа што немаме зголемување на минимална плата, значи немаме зголемување на основица, немаме зголемување на процентт на одвојување, а имаме процент на зголемување на приход на 5,5 000 000 од данок на плати на вработени во единиците на локалните самоуправи, 22 000 000 за вработени во приватниот сектор. Даноци на имот секогаш имаме реално добра ставка и остварување, специфичните услуги исто така, кај неданочните приходи тука се секогаш висок ризик на неостварување, ради тоа што тука е добивката од ЈП Комуналец, која веќе ја спомнаа колегите, тешко остварлива, капиталните приходи имаме некое зголемување во минатата година и лани стартувавме со овој износ, потоа со ребалансот ги намаливме, затоа што немаше шанси да ги оствариме дава надеж дека еве пак ги планираме, веројатно во 2025 година ќе се остварат и ќе значат многу за Општина Кавадарци. Кај трансфери и донации нема некои значителни промени и кај ДДВ-то гледаме дека има поголем износ на остварување, а стапката на одвојување на ДДВ од централниот буџет нема промени, а планираме дополнителни 10 000 000, на кој начин ќе видиме, сега слушаме дека често се зборува од некои фискални експерти дека се планира и зголемување на ДДВ заради тоа што треба да се надокнади дефецитот во централниот буџет, дали по тој основ нешто се планира или зголемување на потрошувачката пак ќе видиме, значи тука има некоја дилема дали ќе биде приход и нова ставка е капитални трансфери од други нивоа на власт тоа се 96 000 000 планирани првично од унгарскиот кредит што се планираат инвестициите во нашата општина, значи како нова ставка во буџетот, но и претходно имаше капитални инвестиции од централната власт и многу пати сме ги зборувале тука, не ги гледавме во буџетот и тоа беше кажано дека тие беа директно финансирани од централната власт, капиталните објекти се во општина Кавадарци и како резултат на тие инвестиции во претходните 7 години, значително се зголеми

капиталот на Општина Кавадарци и бевме сведоци на честото присуство на министрите во нашата општина што значеше секогаш некоја нова инвестиција. Јас сега не би сакала да трошам време и да ги кажам кои беа тие инвестиции, но на сите ни е јасно дека навистина во Кавадарци беа потрошени многу пари од централниот буџет по основ на капитални инвестиции и тие инвестиции се во градот и граѓаните ги користат, но сега има нова пракса, тие пари се ставени во буџетот и претходно имаме спомнувано дека во буџетот не ги гледавме, значи процентуално унгарскиот кредит е 250 000 000, што е наменет за општините, тука имаме 96 000 000, значи навистина според процентот на бројот на жители на Кавадарци нас ни следуваат 5 000 000 евра, дали тие ќе ги имаме еве има најави дека со наредниот повик Општината ќе конкурира и ќе ги обезбеди тие проекти и ќе бидат потврдени, па наредниот ребаланс треба да ги видиме и во самиот буџет, значи мора да работи администрацијата на тоа поле, тие пари нас ни следуваат и како општина треба да ги искористиме заради тоа што сите граѓани на Општина Кавадарци ќе учествуваат во враќањето на кредитот, во плаќањето на каматите на тој кредит и тоа што ни следува треба да се издејствува да си го добиеме. Тоа е во делот на приходите, а во делот на трошоците нема некоја голема разлика во структурата, значи платите мора да се исплаќаат, процентот на учество е 48% во вкупниот буџет, така беше и претходно, стоките и услугите се 25%, обично тука намалуваме, ако не го оствариме буџетот, па кај платите не можиме да намалиме, нормално кај стоките и услугите. Тука би се задржала и претходно колегите се задржаа на трансферите спрема јавните претпријатија и има една моја констатација што трансферот се зголемува во однос на претходната година, беа 30 000 000, сега планираме према сите јавни претпријатија 33 000 000 денари, повеќе од претходната година, но не доволно за да ги покриеме сите средства што јавните претпријатија ги планира, сите ЈП-ја во своите програми имаат посочено повисок износ на средства што им се потребни од тоа што ние како Општина во овој момент им ги даваме, на некој начин како мотивирачки да работат повеќе и да успеат да остварат поголем дел од приходи на друг начин, да ги намалат трошоците, дали во тоа ќе успеат, ќе видиме, но тоа е кај сите ЈП-ја и исто и кај спортските клубови приметив разлика. Значи ние за Тиквеш ФК планираме 9 000 000, а тие во нивната програма си планираат 16 000 000, за ракометот

планираме 10 000 000, а тие планираат 15 000 000 како дотации од Општината, треба да се провере, мислам дека е така, треба да се провере што е на некој начин мотивирачки да и фудбалскиот и ракометниот клуб се насочат на прибирање на средства од друг извор, да си ги покријат своите трошоци или пак да си ги намалат трошоците. Капиталните расходи се з големени во однос на претходната, лани имавме, стартувавме со 216 000 000, па ги намаливме на 160 000 000, затоа што не беа остварливи, сега стартуваме лански 160, имаме 278, но со оглед на тоа што веќе имаме средства, што веќе проектите се веќе готови за 100 000 000 од овие првата транша од унгарскиот кредит, има шанси да бидат остварени, но сепак прашање е и ќе видиме следната година што следува, ќе треба многу да се работи за да сереализира овојбуџет високо димензиониран, висока цел поставена, но што ќе успееме, ќе видиме. Да се надеваме дека 25-та ќе биде подобра од 24-та.

Ви благодарам.

СОВЕТНИК АЛЕКСАНДАР МУКАЕТОВ: Почитуван Претседател, почитувани медиуми, почитувани колеги. Значи речиси се е кажано така да јас ќе кажам така накратко само зошто би го подржал овој буџет и зошто ќе гласам за него. Значи вкупниот буџет е во износ од 1 469 655 000 денари од кои основниот општински буџет изнесува 738 709 000, приходи од дотации 649 382 000, приходи од донации 24 689 000 и приходи од самофинасирачки дејности од 56 875 000 денари. Гледано буџетот во однос на минатата година е зголемен за околу 140 000 000 денари што претставува ист случај каде буџетот за 24-та во однос на 23-та е зголемен за негде иста сума, па гледајќи ги резултатите на претходните буџети, сигурен сум дека и овој буџет ќе биде реализиран со над 90% со што јас ќе гласам за овој буџет. Дека ќе гласам за буџетот би сакал на кратко во делот на расходите ќе спомнам неколку позиции како на пример капиталните расходи кои се вкупна вредност од 274 951 000 денар со што буџетот има доминантен комунален и инфраструктурен карактер, што се гледа и од програмите, како изградба на улици и реконструкција на улици по урбани градски и месни заедници, каде што се предвидува за УЗ Ваташа 5 000 000 денари, УЗ Глишиќ 3 000 000 денари, УЗ Страшо Пинџур 6 000 000 денари, Браќа Џунови 1 000 000 денари, Браќа Досеви 250 000 денари, Киро Крстев 2 000 000 денари, Кула 250 000, Љубаш 13 000 000 денари и плус за изработка на

ревизија на проекти, надзор и изработка на елаборати вкупно 9 000 000 или вкупно во оваа програма се предвидени 42 650 000 денари, плус овде да не заборавиме дека се опфатени сите села од Бошавијата како Ресава, Бегниште, Раец, Голеш со вкупна вредност од 14 000 000 денари и заедно со сите други одржување на локални патишта, зимското крпење дупки вкупно за овие програми се предвидени 74 150 000 денари. Во програмата за комунални дејности се предвидува уредување на просторот 3 000 000 денари, одржување на урбана опрема 1 000 000 денари, за одржување на собраќајници со хоризонтална и вертикална сигнализација вкупно 11 600 000 денари, за јавно осветлување 24 500 000 денари, за јавна чистота, парк, перење улици 36 000 000 или за оваа програма вкупно 78 100 000 денари. За изградба на фекална и атмосферска канализација се предвидени 23 341 000 денар, дека буџетот ја содржи и социјалната заштита во која се предвидени 5 000 000 денари од кои за социјално загрозените семејства во висина од 3 000 000 денари, помош за новороденчиња 2 000 000 денари, во делот на здравствена заштита се предвидува и 1 200 000 денари за помош на Општа Болница Кавадарци, во спортот се предвидуваат за ГФК 9 000 000, за РК Тиквеш 10 000 000 денари, за КК Фени 4,9 000 000 денари, се предвидуваат 4,800 000 денари за други спортски клубови и здруженија регистрирани во Општина Кавадарци, 2 000 000 денари за Сојуз на спортови, Општински Сојуз за училишен спорт, за подршка на спортски манифестации, турнири и др. значи вкупно во области на спортот се предвидуваат 35 000 000 денари, во буџетот предвидени средства за субвенционирање на ЈП-ја со што мислам дека успешно ќе работат во 2025 година, во културата исто се предвидени 54 865 000 денари во кои спаѓаат библиотекарство, музичко и сценско дејство, музичка дејност, културни манифестации и творештво. Со сето ова гореспоменато јас ќе гласам за овој буџет, сметам дека е развоен и остварлив. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам колега советник. Почитувани колеги советници, пред да го ставиме Предлог - Буџетот за 25-та година на гласање од мое лично име и од сите советници да му се заблагодарам на Секторот за финансии при Општина Кавадарци и кој според законските правила на функционирање ни го доставија 21 ден пред гласање буџетот и беше пуштен до нас советниците, беа максимално транспарентни према сите во однос на сите

забелешки, така да една голема благодарност до нив. Предлог буџетот за 25-та година на Општина Кавадарци го ставам на гласање. Ве молам кој е за. 11 за. 5 против. 1 воздржан. Во ред. Благодарам многу. Пауза.

2. Финансов План за 2025 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Повели Директоре накратко ваше излагање.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ГОЦЕ АНГЕЛОВ: Благодарам. Почитуван Претседателе, почитувани советници, почитувани медиуми, јавност. Најнапред сакам да искажам благодарност јавна на сите вработени во ЈП Комуналец, кои што овие неколку денови интензивно работат горе во селата во Поткожувјето на расчистување на наносите на снег, кои што во овој момент се над 1м. според најавите до вечер до 12 часот, така да сите оние патишта и оние кои се асфалтирани и оние полски патишта дека ќе бидат до утре расчистени. Има неколку возила заглавени на потегот кај Куманичево и на потегот према Блашница, спрема советникот Златевски како што ми кажаа, се прават напори и тие моментално се расчисти и да можат да си дојдат спрема градот.Во однос на Програмата за работа за 2025 година вие сите можете самите да видете претпријатието работи транспарентно и сакам да ги потенцирам од оваа говорница само неколку точки, неколку приоритети, кои што би ни биле од високо значење и голема важност за 2025 година, а тоа се од страна на Водовод имаме и повторна самостална реконструкција на водоводни линии, најмалку 2 км. како приоритети ни се ул. Црноречка, во висина од 200 м. и Кирил и Методиј од 400 м. Исто моментално се работи на улиците Доне Попов и Диме Поцев, тие ќе продолжат во 2025, таму имаме канализација и водоводни линии, продолжуваме и на другите кракови од ул. Доне Попов во 2025 година планираме целосна замена на одредени, оние критични точки кај што имавме постојано дефекти, а потоа одиме со бетонирање, односно асфалтирање, наместо оние коцки кои што беа досега поставени од страна на Општината, затоа што се согледа дека на некои места од тие бекатон коцки иде до понирање и се јавува влага на самите куќи. Исто така како една значајна набавка која што еве втора година ја ставивме, меѓутоа имавме во оваа година друг приоритет во однос на средствата, не ја реализиравме набавка на лабораторија за испитување на водата, и набавка на УВ стерилизатор кој што би го ставиле во цевководот кој што го зимаме од хидросистемот од Бошава. Имаме како една идеја да почниме со

физибилити студија и почеток на проект за нова 6-та МХЕЦ и со текот на времето ќе ве информирам како се движат тие работи, дали има можност. Некои испитувања, некои стручњаци кажаа дека има можност за уште една хидроцентрала да се постави на нашиот цевковод. Тоа би било од голем бенефит и мислам дека доколку физибилити студијата и проектот се завршат во најскоро време веќе можно е оваа година да отпочнеме и со изградба на 6-та МХЕЦ. Во делот на канализацијата знаете дека во најголем дел канализацијата во градот е решена со проектот КФБ Банка, односно раздвојување на фекална од атмосферска канализација, имаме предвидено повторно 3 км. реконструкции од страна на ЈП Комуналец и тоа повторно кажав овој период сега ни е врвен приоритет ул. на т.н. Голи Оток каде што таму се јавуваат одредени проблеми со овие канализациони системи и исто така има на ул. 11-та Бригада еден критичен дел таму каде што оваа година сигурно ќе решаваме потег од околу 200 м. има повеќе од 15, 20 куќи кои што при секои поголеми дождови имаат поплава со поплавување на нивните дворишта. Во изминатиов период, а и во наредната година ќе продолжиме со чистење на решетки и сливници. Тоа го добивме како критика од граѓаните при посетата на урбаните и месните заедници, работејќи во реконструкција и нови водоводни линии инвестирајќи години наназад ете сме пропуштиле, сме заборавиле некои сливници и некои решетки за собирање на таа атмосферска вода, да се чистат и тоа е веќе дневна работна задача на еден тим во ЈП и таа работна задача ќе се интензивира секој ден во 2025 година, затоа што ако не се чисти, џабе вие имате атмосферска канализација, кога таа всушност е нефункционална. Оние други работи кои што ги работиме како градежни групи ќе продолжат во 2025 година на нивелирање на шахти, на решетки тие претходно беа преку надворешни фирми сега нашиот градежен тим го работи сето тоа. Исто така имаме и неколку проекти од Општина Кавадарци кои што ги работи за изградба на нови канализациони системи во с. Ресава, Дабниште, реконструкција на колекторот Видео Смилевски и тоа е исто така еден проект, целата оваа ситуација веќе во Ресава и Дабниште се воведени во работа, Видео Смилевски е во фаза на тендерирање и исто така имаме и преку Општината за 2025 година реконструкција на водоводните линии во Сопот и во Страгово, Крњево, во должина едната е 4 км. другата е 7, износот на смет знаете, го гледате, се врши секојдневно по Програма со Општината и од најодалечените места од Тиквешијата,

во план е да земиме една авто ѓубарка за да го олесниме и убрзаме процесот на собирањето на ѓубре, се почна со селекција на хартија и пластика во 120 домаќинства и во 30 локации низ градските улици, така да како проект се покажа добар, ќе продолжиме со силен интензитет во наредната година. Во градските гробишта знаете дека се парцелизирани и средени, моментално се работи на поплочување на пристапни патеки и таа работа ќе продолжи и во наредната година, по сугестија на советничката Бањанска таму во овој период помеѓу минатата седница на Совет и оваа седница на Совет изградивме една пристапна патека од 200 квадрати за да можат луѓето помеѓу втората и третата врата во горниот дел да пристапат без поголеми потешкотии. Градскиот Пазар со оние 213 тезги се вклопи во тој простор, функционира добро, самите сме сведоци, хигиената е на добро ниво и ќе продолжиме со едноставно поголема и контрола, меѓутоа и ќе најдиме начин и како оние тезги кои што се слободни од пазар до пазар да бидат со трајно користење, значи што помалку дневни, се повеќе месечни или годишни такси за овие тезги. Пометувањето и хигиената се од исклучителна важност за 2025 година, затоа што сега скоро 2 недели набавивме 3 нови метларки кои што веќе почнаа да функционираат и ќе продолжат во секоја улица, во секое маало да функционират и метењето, пометувањето на целиот град ќе биде машински. Исто така хигиената ќе ја подобриме со набавката на новата автоцистерна од 8м3 која што веќе е потпишан договорот , се чека рок на испорака од 3 месеци, така да како механизација сме целосно покриени, поткрепени со современа механизација, која што во наредниот период во 2025 година самите граѓани ќе видат на дело дека хигиената е на уште едно повисоко ниво. Во делот на зеленилото во цвеќарата оваа година која што ја имаме ќе произведиме 20 000 садници, китки и грмушки и исто толку ќе купиме, досега купувавме по тендер 20 000 сега и ќе произведиме така да двојно очекувам да се зголемат цветните површини низ самиот град . Во делот на, еден од најбитните алки во функционирањето на ЈП Комуналец е она одделение за наплата, каде што во делот на отчитувањето на сметките предничиме во дигитализацијата во Македонија со поставување, веќе поставивме 400 водомери кои што беа донација од проектот на ГИС Македонски Телеком со сим картички се тие, функционираат одлично, цело с. Возарци е поставено со тие и ред други помали места, така да во 2025 година уште во јануар месец почнуваме одма со надворешнна

фирма по тендерирање на МЖС ќе почне со поставување и монтирање на 2000 водомери низ територијата на општина Кавадарци, тие се веќе локациите утврдени, најдоцна за 6 месеци имаат обврска да ги постават овие водомери и со тоа ќе имаме дигитално читање на скоро 20% од вкупниот број на водомери низ општината Кавадарци, доколку имаме промена на законот кој што постојано го инсистирам, имам неколку иницијативи поднесено до министерствата, тогаш и ние како ЈП ќе се вклучиме во оваа дигитализација со сопствени инвестиции и сигурно овој процент од 20 ќе го качиме малце повеќе. Во делот на механизацијата ви кажав дека сме комплет опремени, можеме да кажаме дека сме претпријатие со најсовремена механизација, ова мултифункционално возило кое што го купивме пред една недела се покажа како извонредно за овие временски услови кои што сега ги имаме. Тоа е нели знаете дека има на него можност за приклучни елементи за 48 приклучни машини да с е стават на него. Добро мултифункционално возило, кое што во моментот чисте снег, а напролет продолжуваме со мулчирање и кастрење на гранките со истото тоа возило, а и ќе видиме според приклучоците и според потребите на ЈП, така ќе земаме и нови приклучни елементи на него ќе монтираме. Во делот на финансирањето на финансискиот план сакам таа точка да ја спојам со оваа во дел на расправа, меѓутоа потоа ќе се гласа поединечно, самите може да видете зголемени приходи очекувам од водата и канализацијата како и износот на смет. Ова не е поради покачување на некои цени, туку е поради инвестицискиот бум кој што се прави моментално во градот каде што за скоро време очекуваме да се отвори ЛИДЛ, каде што се прави огромен хотел Литл Америка, со нови згради. Очекувам исто во скоро време, спрема најавите од Градоначалникот Голден Игл, поранешно Фени да почне со работа и таму ќе има голем износ на смет, така да овие приходи кои што ги очекувам реални и ние секогаш за разлика од минатата година ставаме поголем таргет за да бидеме, да се трудиме да го реализираме овој таргет, ние можеме да ставиме таргет исто како оваа година и да го исполниме кога ќе го реализираме, да речиме дека сме успешни многу, меѓутоа ставаме секогаш многу поголем таргет во однос на минатата година. Исто така очекуваме и зголемени приходи од МХЕЦ-ите, затоа што сега ни завршува договорот во септември со фирмата која што ја купува струјата и таа разлика која што е помеѓу овие години по мала цена и цената од унгарската берза купекс која што ја имаме во договорот сега во октомври месец

таа разлика треба во висина помеѓу 8 и 10 000 000 денари да легне на сметката на ЈП Комуналец, затоа и тие приходи ги очекувам поголеми и можам да кажам дека сме единствено ЈП во Македонија каде што за 7 години речиси двојно се зголемени вредностите на основните средства на ЈП. Ако 2017-та година основните средства вределе 290 000 000 денари, сега имаме над 500 000 000 денари вредност во основни средства, инвестиции на ЈП и на Општина Кавадарци коишто потоа ни ги дава нели во владение на ЈП, затоа и амортизацијата само во овој период 1,5 од кога сум јас е зголемена од 34 на 37 000 000 денари годишно, затоа едноставно мислам дека и покрај тоа што ете некогаш има негодувања и има прашања дали сме во добра финансиска состојба, да во добра финансиска состојба сме, ќе исплатиме к-15 до крајот на годината, оние 40 000 денари, ¾ се исплатени останува уште последната, така да мислам дека како фирма и како работници, меѓутоа и народот со нашите услуги може да биде задоволен, меѓутоа и кога се прави програма морате да имате и одредени приоритети кои што сте ги зацртале уште кога ви била дадена можноста за мандат да водите едно претпријатие така да сакам да ви посочам некои главни приоритети кои што сум ги имал, многу мал дел ќе ви спомнам, тоа е дигитализацијата каде што со овие нови водомери ви кажав и претходно 20% од водомерите ќе бидат заменети со нови дигитални водомери со гис подземен катастер имаме, измерени се сите точки низ градот, сега се врши само спојување на линиите, така да за 3, 4 месеци ќе имаме комплет подземен катастер и во 2025 година исто ќе ја прошириме и модернизираме скада системот кој што ни беше оставен, кој што е одличен скада систем и сега истиот ќе го прошириме со нови мерни точки, а најголемиот дел од тие точки ќе бидат и самите МХЕЦ-ли кои што ги имаме. Исто така апликацијата мобилна ја имаме Мој Комуналец, едно ново нешто кое што ете граѓаните полека сите се вклучуваат на таа апликација, полесен е пристапот, достапот, комуникацијата со ЈП, начинот на плаќање исто на тој начин и во делот на дигитализацијата мислам дека предничиме многу, многу во однос на другите ЈП. Во однос на механизацијата кажав дека имаме најсовремена механизација, во однос на селекција на отпад кој што ми беше еден од врвните приоритети, почнавме да работиме со неколку, со 120 моментално индивидуални корисници и со овие 30-тина боксови низ градот, меѓутоа од некаде треба да се почне, наредната година го интензивираме тоа. Исто така на депонијата ставивме вода и струја што беше незамисливо со 24-

часовен мониторинг уште една идеја, една визија реализирана и во наредниот период како еден од врвните приоритети кои што ми се да ги реализираме со мојот тим е да го зголемиме дотокот на вода во главниот цевковод од страна на изворите Лукар, Стара Река и Косматец, имаме некои идеи, ние ќе почниме прво со промена на сите воздушни вентили и сите испусни вентили, кои што ги има главниот цевковод, таму доколку можиме 5% да покачиме количина на вода, тоа би било од големо значење и за водоснабдувањето и за работата и капацитетите на МХЕЦ-ите. Како што ви кажав уште еднаш ќе повторам почнуваме веќе од после Нова Година со физибилити студија за нова 6-та МХЕЦ и на крајот ќе ви кажам дека една од најбитните цели која што ми беше кога дојдов за директор е да фирмата извадиме Б лиценца за изведба како ЈП и да бидиме единствено ЈП кое што ќе може само да врши, не само реконструкции, туку и изведба на канализациони и водоводни линии. Таа лиценца ја поднесовме во текот на вчерашниот ден, бидејќи пред неколку дена ги исполнивме условите кои што се бараат за добивање на таа лиценца. Сега ние можеме по добивањето на оваа лиценца да се јавиме и како економски оператор на одредени тендери, не само во Кавадарци, туку и на други места . Ви благодарам и доколку имате за дискусија можеме да дебатираме.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас ќе зборувам заедно за двете точки, исто како што беше образложението на директорот. Го гледав Финансискиот план и од она што ми влезе во очи мене лично во делот на приходите се она што го спомна и директорот зголемените приходи од вода и канализација и зголемените приходи од износ на смет . Зголемените приходи од вода и канализација се планирани да се зголемат за 10 000 000 дополнително, со минатата година одлуката на Советот која што ја донесе кога се зголемуваше цената на водата, од 2025 година беше донесена одлука и за зголемување на цени за 2025 и за 2026 година за по 1 денар, но тоа се зголемени приходи за негде околу 2,5 000 000 денара и имајќи го во предвид фактурирањето коешто го има ЈП, значи дел е и заради зголемувањето на цената на водата, другиот дел од приходите не знам на кој начин истите би биле остварени и имајќи го во предвид фактот дека во изминативе неколку години, ако направиме некоја анализа и видиме како одело фактурирањето на вода ќе видиме дека од година во година истото е се помало и помало и ова со дигиталните водомери јас се надевам дека можеби ќе почне на тој начин да се решава тој проблем со намаленото фактурирање на вода односно, откривањето на загубите

на вода, на пр. во 2018 година сме имале фактурирана вода 2,7 000 000 м3, 2019 година 2,6 000 000 м3, 2020 година 2,5 000 000 м3, 2022 2,4 000 000 м3, 23-та е 2,4 000 000 м3 и ако направиме споредба од 2018 година до сега, негде за 350 до 400 000 м3 ни се намалило фактурирањето на вода која што ако направите една математика, ќе видете дека во суштина тоа изнесува по оваа цена која што ја имаме негде 10 000 000 денара намалени приходи за вода заради фактот што сме го намалиле фактурирањето за тој износ, односно за тој обем, така да јас не очекувам дека дополнително би се оствариле приходи, се надевам дека еве да дадиме шанса годинава да видиме како ќе биде фактурирањето во однос на претходните години, меѓутоа тенденцијата на пад е евидентна последните 7 години и една од причините заради која што ги зголемувате постојано цените, посебно и на вода и на другите цени на износ на смет и на јавно зеленило и на јавна чистота, една од причините лежи во ова односно во намаленото фактурирање на вода, односно во зголемените загуби на вода коишто сте ги направиле. Во делот на приходи од МХЕЦ-ите оваа година сме реализирале 36 000 000 денари, велите дека за 10 000 000 очекувате дека ќе биде повисок приходот заради прекинатиот договор и заради разликата која што наводно треба да ви ја исплати компанијата со која што имате склучено договор за продажба на струја, а тука имате предвидено само 4 000 000 повеќе. Зошто е тоа така. Зошто не е на пример предвидено 10 000 000 повеќе како што зборувавте.Во однос на расходниот дел сметам дека делот на потрошени суровини и материјали ви е преамбициозен и се надевам дека ќе го остварите, на пр. оваа година сме реализирале 12 000 000 денара и тоа е во суштина таа работа која што ја работи самото ЈП со сопствени ресурси што оваа година планирате за повеќе од двојно 25,5 000 000 и се надевам ќе го остварите тоа и добро е да ЈП во најголем дел од работите си ги завршува само, али искрено сум скептик дека би стигнале до таа реализација. Не ми е јасен делот за трошоци за резервни делови, постојано зборувате овде дека се купува нова опрема, дека се осовременува ЈП Комуналец, дека постојано има нови машини, се модернизира едноставно ЈП, а имате за двојно поголем обем на финансиски средства, предвидено за резервни делови, минатата година било 4,9 000 000 денари, оваа година е 10,2 000 000 денари, значи за повеќе од двојно е зголемен планираниот трошок за резервни делови. Зошто исто е тоа така. Постојано зборувате дека најголем дел од работите ги прави самото ЈП, односно дека не користите услуги од други, а овде планирате исто

така за двојно сте ја зголемиле ставката за услуги извршени од други, 13,8 000 000 денара е за тековната година, 21,6 000 000 денари е за оваа година зголемување за негде 8 000 000 денари во овој дел, значи ако ЈП, ако е точно тоа што го тврдите дека ЈП се само работи, тогаш зошто ви се овие услуги извршени од други. Во делот на расходниот дел најголемиот расход финансиски да кажам е делот на платите и ако направите една споредба како растеле платите во изминативе 6, 7 години, односно расходот кој што го даваме за плати за вработените ќе видиме дека е енормно зголемен, имено во 2017 година сме имале 77 000 000 денари расход за плата, во 2018 91, тоа значи дека зголемувањето за повеќе од двојно, за 2,5 пати скоро е зголемувањето и сега знам дека ќе испаднете овде и ќе зборувате дека е зголемена минималната плата. Минималната плата од тогаш до сега е зголемена за негден 80%, од 12 000 денари колку што изнесуваше 2018 година, сега е зголемена на 22 500, а расходите кои што ги давате за плати ви се зголемени за повише од 150% и тоа е во суштина главниот терет на ЈП. Ако направите анализа и го видите учеството на платите во рамки на вкупните расходи на буџетот, сега изнесува 65%, заедно со регресот кој што исто сега го исплаќате на вработените, а тогаш изнесувало некаде, 2018 година изнесувало некаде 50%, значи за 15% сте ги зголемиле оптоварувањата, односно учеството на платите во вкупните расходи на ЈП и тоа во суштина е исто така една од причините заради која што постојано имате потреба да ги зголемувате цените на она што претставува комунална услуга, односно услуги кои што вие ги наплаќате. Постојано тука зборувавме за цени, постојано тука зборуваме за она што претставува прочистителна станица и се зборуваше дека на пр. ако се направи во Општина Кавадарци прочистителна станица, работа која што е добра за заштита на животната средина, односно да имаме станица која што ќе прави прочистување на оние отпадни води, за жал немаме, се надевам дека во нареден период би се направила и таква прочистителна станица, али земав сметка од општина кај што има прочистителна станица, конкретно станува збор за општина Гевгелија. Таму за прочистување на отпадни води ставката, односно цената која што им се наплаќа е 9,25 денари, на некоја количина 22, 25 м3, 30м3 еве да земиме потрошувачка на едно семејство излегува негде 200 до 300 денари плус финансиски средства коишто ќе ги даваат граѓаните, ако би имале таква услуга, али ние немаме, е покрај тоа што немаме другите плаќаат пониски сметки од нас, само за споредба во Гевгелија вода за домаќинство 22,6 денари, кај нас е 30, пред 7

години почнавме со 14,5 денара, одведување на урбани отпадни води 6,4 денари, кај нас ми се чини е некаден 7,5, 8, ѓубрарнина 2,9, кај нас е 3 и нема одредени ставки за јавно зеленило, за покриен простор, за како се вели, за двор и сл. И што е најважно и покрај тоа и покрај прочистителната станица која што ја имаат во Гевгелија сепак гледаме дека сметките кај нив се значително пониски од она што ние го плаќаме заради поголемиот број на ставки и заради поголемиот опфат, односно поголемите цени кои што ги наметнувавте тука на Советот и зголемување на ѓубрарнина од 1 денар на 3 денари и зголемување за двојно на цената на водата и зголемување неколкукратно на јавно зеленило и за јавна чистота, така да граѓаните се соочуваат со исклучително високи цени за овие услуги кои што ги дава ЈП.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ГОЦЕ АНГЕЛОВ: Во однос на трошоците за резервни делови, тие трошоци се предвидени поради јавните набавки, меѓутоа ние мораме да ги предвидиме, а гледате дека секоја година само на крајот од годината ги намалуваме, ние не можиме нешто што во тендер, по спецификација ви кошта 2 000 000 денара да направите да ви биде 1 000 000 денара, а потоа да имате проблем во функционирањето да го надминете тоа. Тие од секогаш биле така. Ако претходно имало 8 000 000 денари годишно за потрошени резервни делови, сега од 5 000 000 денари не се поголеми трошоците, а ние предвидуваме поголема сума на пари. Во однос на таа намалена количина на вода, не знам дали ги имате податоците видено дека по последниот попис на Кавадарци му фалат минимум 4000 жители. 4000 жители по 4м3 да троше еден човек тоа се 16 000 м3 месечно минимум. Во однос на цената на струјата разликата да, јас кажав меѓу 8 и 10 денари во планот што е за МХЕЦ Лукар можете да видите во делот на централите е 46 000 000 денари предвидена како приход, а ние имаме 40 000 000 денари како кирија која што ја зимаме од таму, значи парите се тука некаден. Во однос на услуги извршени од други, таму спаѓаат од проектирање, ревизија на проекти, надворешни фирми, одржување на скада системот, одржување на ГИС, автоодговорност, регистрација, поправка на клими, на се што буквално имате вие, дури тука мислам дека се влезени и нотарските и адвокатските трошоци кои што ни ги даваат по тарифи. Во делот на платите ние сме 60% плата, регресот е друга категорија, друга ситуација. Пред една недела бевме со Горан советникот заедно на еден состанок со заменик министерот за животна средина, заменик министерот за здравство и претставник од Министерството за финансии каде што разговаравме

за одредени проблеми кои што ги имаат голем дел од комуналните и водводните претпријатија во Македонија и тоа беше после 10-тина години првпат една таква средба на такво ниво и добро е тие да продолжат каде што ќе ви кажам еден податок дека Министерството за здравство има 85% од трошоците му се за плати. Е во таква состојба е Министерството за здравство, а Министерството за здравство има долгови само кон Скопски Водовод 184 000 000 денари наследени години уназад. Тоа е фрапантно. Останатите водоводни претпријатија Водовод Скопје, Водовод Битола, Водовод Прилеп имат 75% платите му се трошоци. Значи ние сме повторно едни од оние помали во однос на платата во вкупните трошоци, меѓутоа повторно е загрижувачки, јас кажав и таму дека е загрижувачки се што се движи над 60% накај 70% на краток рок ние ќе го средиме, ќе го сервисираме и ќе го обезбедиме, меѓутоа на долг рок тоа не е во ред и затоа побарав интервенција од државата кога има вакви покачувања на плати да најдат начин за тоа како да ги стимулират ЈП-ја, дали преку субвенција за придонеси, они треба да си најдат најдат форма, затоа што ние единствени приходи кои што ги имаме се од услугите кои што ги даваме, сега ние што имаме и централи, што се други приходи тоа е друга работа, меѓутоа единствени приходи на сите водоводни и комунални претпријатија се цените на услугите и знаете дека не е популано да покачувате цени , а од друга страна имате обврска да покачувате плати и да давате к-15, па претходно кажаа и дека имаме обврска нели да даваме и 13-та плата или не знам како се вика, по колективен договор мислам дека кај нас не е така, доколку имате можност ќе му дадете надоместок, доколку немате ќе си остане само на она што ви е законска обврска, к-15 минимум 60% од плата, а ние го дадовме 100% оваа година. Во делот на прочистителните станици, за да се изгради прочистителна станица морате да имате раздвојување на фекалната од атмосферската канализација и тука одиме и се движиме, ви кажав КФВ Банка ни помогна со оној кредит, односно оној грант од 2,5 000 000 евра и градот е моментално во добра состојба и ние работиме постојано на одвојување на таа фекална канализација за да таа прочистителна станица биде потоа со помал капацитет за да бидат трошоците помали. Колку е во другите градови и како нив му се исплаќа таа работа тоа е проблем за нив, не е за нас, затоа што ние ја немаме и не може вие да имате прочистителна станица без да имате завршница на колектор.Колекторот за скоро време кога ќе дојде до крај на точка после Сопот ќе се бара прочистителна станица, затоа што

вие ќе ја изградите прочистителната станица во Марена, а Сопот ќе ви остане без прочистителна станица. Затоа мислам дека чекор по чекор ќе се работат сите работи, ќе се добие прочистителна станица, таа не 100 000, 200 000 евра, таа прочистителната станица во кочани е 17 000, 18 000 000 евра, така да. Во Кочани. Изодете во Кочани, јас сум бил во прочистителната станица таму. Во Кочани прочистителната станица таму е со голем капацитет, изодете, да видите таму има и фотоволтаици, тоа е со гасна централа, комплет процес заокружен каде што од производство на компас за ѓубриво за локалното население кое што го зима до гасна централа до производство на ел. енергија преку фотоволтаици е целосно заокружен процес каде што голем е капацитетот затоа што мислам дека покрај Кочани, не знам дали и Виница имаат таму, се вливаат фекалиите, меѓутоа мислам дека тоа е еден огромен проект каде што ниту една општина тоа сама не може да го финансира.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Претседател, колеги, присутни, почитувани граѓани. Неблагодарно е да збориме за едно ЈП кое што одлично си ја брка својата работа во делот на ингеренциите кои што ги има ЈП Комуналец и неблагодарно е да споредуваме други општини кој колку наплаќал и како наплаќал, затоа што секоја општина си има свои специфики и свои цени за наплата на вода и изнесување на смет, одржување на зеленило итн. Јас не знам зошто колегата не спомне, не ја земе за пр. општина Струмица каде што месец дена беа луѓето без вода, така да ете таквото менацирање, кое што го предвидуваат СДСМ кои што ги раководат општините имаме ситуација каде што имаме граѓани оставени во 21-ви век да не можат да ги одржуваат своите хигиенски потреби и да ги извршуваат своите животни потреби, односно да добијат пивка вода за домаќинствата. Сметам дека ЈП Комуналец со оваа програма што ја има донесено е одлична и се движи во прав правец и сметам дека граѓаните за цените ги добиваат вистинските услуги, кое што ова претпријатие ги пружа.
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Работењето на ЈП Комуналец треба да биде огледало на нашата општина. Колку тие подобро си ја завршуваат работата, толку нашиот град ќе биде и почист и подобро снабден со вода и било кој да дојде од друга општина или надвор од државата гостин да каже дека нашиот град е чист, сметот е навреме изнесен итн. Мене ме загрижува процентот на зафатноста на бруто платите што е некаде околу 60% од вкупните приходи. Јас пред некој ден разговарав и со директорот на ЈП и треба тоа сите да не загрижува зошто е тоа така и да се најде

начин. Зошто мене ме загрижува. Затоа што во текот на наредната година се очекува пораст на минималнта плата. Тоа ќе го оптерете уште повеќе приходната страна ќе ја оптерете со зафатнината на бруто платите. Во тој случај ќе дојдиме во ситуација за не дај Боже ненавремено отплата, прво ако се стават обврските према државата, во ЈП има месечен ДДВ и е месечен обврсзник, ДДВ-то да се плати, рати за кредити имат, плата да се подмире и колкав процент ќе остане за парични средства за исплата на тековните обврски према доверителите за репроматеријали или некои други работи и затоа треба максимално да се ангажира и менаџерскиот тим во ЈП менаџерски, а и сите вработени максимално да се ангажират. Кога станува збор за бројот на вработените, постојано тоа се дискутира, речиси на секоја седница вие Директоре имате прилика и јас сум задоволен што слушам дека ќе добиете Б лиценца за изведување и градежни работи. Со тоа ќе имате можност да активирате и еден дел од тие понеактивните вработени за да и они се стават во функција на претпријатието за да и тие почнат да стварат приход, оти сите знаеме дека во вашето претпријатие имаме најразлични структури по образование, од 4-то, 8-мо одделение, па до високо образование, имаме различни ментални карактеристики на личности во вашето претпријатие, има некои што се одани на работата и работното место и дават максимум за да си ја завршат работата и се одговорни, а има и некои шо на наш жаргон кажано фаќат кривини или само крцај врата, зимај плата.Имаме во вашето претпријатие и примано од минати години и по различна партиска припадност, кој како бил, ја имал одговорната улога во Комуналец, така и си примал се негови луѓе. Сега со наредната година 25-та очекувам и ќе ви дадам подршка да вложите максимални напори, да заврше тоа, таквиот начин на вработување, да се стават во функција сите човечки ресурси и да се обезбедат поголеми приходи за да не дојдиме во ситуација како некои ЈП-ја што слушам и што читам што имат долгови и 20 или 30 000 000 евра, не можат да си ги подмират. Вашите побарувања најмногу се од буџетот на Општина Кавадарци, ви вршите работа за Општината и ако се реализира максимално и буџетот на Општината што веќе беше како прва точка и ако навреме ви се плаќат обврските и ако вие преку МХЕЦ Лукар обезбедите дополнителни средства и ако со ова Б лиценца остварите повеќе, тогаш не би требало да страхуваме дека ќе дојдите во ситуација и не дај Боже да дојдите во ситуација да не можете да си ги измирувате обврските према доверителите.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колега во однос зошто сум споредувал цени, чисто да имаме увид какви цени плаќаме ние, какви цени плаќаат граѓаните од другите градови, кај што имат и прочистителна станица дополнително и каде што има исти услови за донесување на вода, односно водата доаѓа по природен пат. Во однос на Струмица истата работа ја правевте као што ја правете и во Скопје. Таму проблемот колку што се сеќавам јас беше заради манганот од одредена брана, кој што е надлежност на министерствата каде што вие работите и го оставите Градоначалникот тогаш за сам се дави во проблемот, а вие ко централна не сакавте да си го решите и си игравте тука политика. Тоа го гледаме еве 3 години на пр. во Град Скопје, кај што од ветување за бесплатни превози, за набавка на нови автобуси и сл. на крајот се си поплукавте и одите да го блокирате градот за да им правите тензија и проблеми за нормално функционирање на луѓето за да прикажите дека некој недобро работе, а тој некој кој што недобро работе ви беше ваш кандидат и си влеговте во некаков си конфликт, меѓутоа на човечки работи пробувате да си правите политика, како во Скопје така и во Стумица. Во однос на она што го зборуваше директорот намаленото фактурирање на вода, значи ние во Кавадарци сме имале и претходно иселување и сега главниот аргумент кој што го користите за планираните повисоки приходи ви е дека ќе се изграделе одредени објекти, одредени згради и врз база на тоа ќе го зголемите обемот на фактурирање, и врз база на тоа очекувате поголем обем на финансиски средства, а од друга страна си давате сам аргументација пошто таква експанзија во делот на изградба на станбени објекти немало никогаш во Кавадарци, зголемен број на приклучоци, ако земиш наназад неколку години одредени населби каде што немале приклучок на вода, сте им ставиле вода, викендици и сл. и на крајот пак имате намалување на обемот на фактурирана вода, изгледа не е тоа проблемот, изгледа нешто друго е проблемот заради кој што имате намалување на делот на фактурираната вода. Во однос на делот на платите, 221 000 000 кога ќе го земете во вкупното учество на планирани расходи, изнесува некаде 60%, ќе видиме во однос на реализираното ќе биде сигурно повисоко, али ако ги тргниме пошто овде математиката која што ја правев јас беше заедно и со регресот таа година, исто се намалува под 50 %, значи расходите сте ги зголемиле во вкупното учество на расходи, расходите на плати сте ги зголемиле за 15% и онаа теза дека тоа е најмногу заради минималната плата, минималната плата се зголемила за негде

80,90%, а расходите по основ на бруто плата ви се зголемиле за 150%, значи исто така нешто друго е работата. Во однос на прочистителната станица и колекторот во Сопот јас 2 години по ред тука го поднесувам истиот амандман, минатата година ми го отфрлија, оваа година ми го отфрлија пак, значи не можете да ја посочите вината кон мене дека заради тоа не е направен колекторот во Сопот, се согласувам јас да се реализира и да се направи колекторот во Сопот и да аплицираме на одреден проект, дали во влада, дали не знам, гледам дека Швајцарска Амбасада е доста активна во финансирање на овакви проекти да аплицираме и да Кавадарци добие прочистителна станица. Во однос на услуги извршени од други, овие работи кои што ги зема се типично од консултативен карактер, ја би сакал на пр. за 2024 да ми доставите услуги извршени од други, по кој основ се извршени, кои суми се исплатени за да видиме, за да имаме увид подетално дали станува збор чисто за тоа што го зборувате вие или станува збор за одредени други услуги кои што ги користите од изведувачи и во однос на трошоците за резервни делови јас морам да го коментирам тоа што го гледам, значи 10,2 000 000, значи за 5,2 000 000 денара е зголемено она што го планирате да го истрошите, дали ќе го истрошите тоа на крај на ден или не незнам, меѓутоа тоа е во овој момент планирано и не ми е логично зошто да се планира многу повеќе ако планирате да истрошите помалце и во однос на адвокатски услуги не ми е јасно зошто ЈП, пошто имате голем број на вработени во истото, зошто ЈП нема правен застапник, нема вработено или има вработено правен застапник за да, а користи адвокатски услуги од трети страни, ако нема, зошто нема и ако има зошто користиме и даваме финансиски средства на приватни адвокати за да го застапуваат ЈП. Споредбите ви ги направив чисто, бидејќи и претходни совети сме дискутирале тука во однос на оваа работа, чисто да имаат во предвид граѓните каква цена и каква услуга плаќаат од страна на ЈП Комуналец.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван колега очигледно секое ваше владеење и неспособност на вашата партија ја префрлате вината директно на ВМРО ДПМНЕ и правите дека ние вршиме некој притисок врз вас и не знам врз вашите структури, меѓутоа јас еве ќе ви кажам како работи ВМРО ДПМНЕ. Исплатени се 4,3 000 000 000 денари субвенциии и тоа за заостанати обврски од 20, 21, 22 и 23 година. Во оваа година до вчера се исплатени 146 000 000 за одржување на постоечки лозови насади. 118 186 903 денари за одржување на овошни насади, 416 720 000 денари за сточарско

производство за 2024, 392 000 000 за полјоделски култури, 294 000 000 за произведено и продадено кравјо, овчјо млеко. Така работи ВМРО ДПМНЕ за овој народ, расмислува и сите средства коишто ги има ги дава на народот, а не како вие што размислувате и како што вие правите. Вие сте цел живот во криза.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Реплика само во врска со излагањето на советникот, значи јас дискутирам во однос на она што претставува точка на дневен ред, советникот сака да си дискутира во однос на она што тој го работи. Ако гледаме колку сме исплаќале и во време на ковид криза и во време претходно, па вие колега ги оставивте луѓето без да им го исплатите во Петра и Повардарие, целиот род им го оставивте, им го собра винаријата грозјето и им го оставивте неплатено и сега тука зборувате колку сте исплатиле и колку вие се борите за земјоделството.
СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, колеги советници, медиуми. Значи работењето на ЈП Комуналец, значи најмногу зависи од менаџирањето, знаеме дека поранешните системот социјалистички генерални директори заврши, сега е се оставено на менаџерите како ќе го менаџираат. На многу граѓани не му е јасно и јавните претпријатија ги споредуваат со буџетски корисници и јавните претпријатија своите средства дали ќе исплатат плати, дали градот ќе биде чист, дали ќе има реконструкции значи зависат само од нивните приходи и од менаџирањето на истите, затоа јас со директорот скоро направивме една анализа, односно фотоанализа која што треба да ја има секое претпријатие, односно светските компании сите ја прават, кои ни се предности, кои ни се можности, кои ни се ризици, односно закани во претпријатието значи и врз основа на таа фотоанализа, врз основа на тие ризици да делуваме. Знаеме дека денешните ризици се за да не дојде до покачена цена на услугите, а со тоа да не дојде до покачена цена на нашите репро материјали е заштеда на трошоци, увезените кризи, односно инфлацијата да не им делува, бруто платите да се движат во реална насока на покачувањето, односно да не биде тоа вештачко каде што нели како што спомнавме трошоците би дошле над 60% од вкупниот буџет на претпријатието и финансискиот план затоа треба менаџментот да поставе различни методи на менаџирање. Тоа и го праве ова ЈП. Значи ја во моментов сакам да кажам дека ние важиме и како што спомна претходно и директорот бевме на состаноци со неколку заменици министри за најдобро претпријатие во Македонија, врз основа на тоа плус што работиме неколку дејности, значи таму ЈП-ја Водовод Прилеп е една дејност, незнам Скопје една, Хигиена во

некој град една, кај нас се менаџира со 10 дејности, значи претпријатие како да си директор на 10 претпријатија, а исто време значи ниту вработуваме директори на тие работни места, ниту посебни водачи, ниту посебни вработени, значи се врши заштеда на тие трошоци, а сепак претпријатието иако ги врши тие дејности значи успешно е и поуспешно од сите останати што се специјализирани, конкретно за одредена област. Јас само сакам да кажам значи претходно тоа што се направи, а го гледам го немаше во другите ЈП-ја ние сме едни од единствените што купуваме уште нови возила, значи нови метларки, ново возило за чистење на снег, ќе има најава нови возила за износ на смет, значи софтверската компанија, односно програмите што ги имаме и услугите на граѓаните на веб сајт значи ни се на највисоко ниво, системот програмски го кренавме на веб платформата како клауд, да не биде ниско класичен сервер, односно да немаме веб напади и закани како што ги имам моментално во светот хакерските, значи ЈП го движиме кон нови технологии и тоа како секоја приватна модерна компанија во иста насока се движиме и се грижиме за исто. Јас само би ги набројал инвестициите и плановите за идната година. Менаџментот размислува одредени трошоци да ги намали затоа и насоките се поставени во тој правец. Насоките се поставени со дигиталните водомери, со тоа ние би заштедиле на вработени кои што би ги читале тие водомери, трошоци за гориво, трошоци за возила. Насоките, размислувањата ни се во идната година да поставиме како терминали, тоа може ќе бидиме прво или второ претпријатие во Македонија, незнам само скопски, незнам како има ЕВН каде што граѓаните би си плаќале 24 часа би имале терминали и таму би можеле да си и проверат сметката, а исто и да си ја платат услугата, каде што во околината јас не знам друго ЈП тоа што го има освен како што спомнав Електродистрибуција, значи размислуваме како да бидеме претпријатие кое што не само што би биле договорен орган по закон за јавни набавки туку со лиценцата Б ние би можеле доколку имаме слободно време, доколку имаме слободен простор со таа Б лиценца која што ја добивме значи утре и да се пријавиме како економски оператор, тоа е визијата, тоа е насоките на ЈП, значи така треба да размислуваат сите претприемачки. Јас само ќе ги прочитам инвестициите во наредна година што се замислени и предвидени се разбира согласно Закон за јавни набавки можеме да ги промениме и прошириме истите. Тие се изработка на проекти, реконструкција на улици, реконструкција и санација на објекти од извор Лукар, нели каде што е главниот извор и тоа

можам да го напоменам. Кавадарци како ЈП, односно изворот Лукар не е само извор и водоснабдување на Општина Кавадарци, значи преку Кавадарци се водоснабдува општина Росоман, се водоснабдува општина Неготино, значи ние сме веќе и регионално претпријатие кај што и околните општини ги снабдуваме со вода и се грижиме за целокупниот цевковод, значи тука предвидуваме лабораториско испитување на вода и мерни инструменти на оваа фактички лабораторија, реконструкција на улици, се разбира и таму се подразбира водоводни, канализациони. атмосферски линии, набавка на камиони, т.н. ѓубрарки 6 000 000 вредност, значи набавка и санација на пумпи, модул на основни средства, планираме веќе основните средства како што знајш културно секаде во светот со читач, а не како досега ги бројати тоа секаде се грижиме тоа е една од основните работи ЈП да се грижи за своите средства, ќе си бидат со баркод и електонски ќе се читаат, значи набавка и реконструкции на столарија, каде што се заостарени тие работи, компјутери, печатачи и тонери, набавка на лиценциран виндоус и вкупните основни средства ги планираме на износ од околу 25 000 000 денари, кои во идната година ќе бидат инвестиција на ЈПКомуналец.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги во инетерс на времето кратко сакам да дадам и мое видување за Комуналец. Како што и за буџетот зборев некои 2,3 минути, у глобала некои работи што малку ме засегаат. Ако речиме дека Комуналец не работи ќе згрешам, значи многу работи. Ефективноста во работата има таму институции што треба да ја мерат. Ние на Комуналец му дадовме дејности и го оптоваривме одржавање на стадиони, зимско одржавање и со производство на струја и со куп работи што им се ствара терет, е сега на што треба да ставиме акцент сум анализирал неколку години уназад Комуналец, добар познавач на сите одели во Комуналец од Лукар, па до Сопот, до истекот. Сакам да го задолжам директорот да си провери менаџерот вложува многу труд, сака да биде се како што треба, али треба да му дадиме некаде акцент на некои работи и прошла година зборував дека во времето кога врни, кога имаме невреме и тоа се некои 30,40,50 дена, Кавадарци нема пивка вода, ни фактурираат вода за пиење и во сума на пари тоа е занемарливо, не е многу, друго е проблемот. Ако Стара Река ја исклучиме од системот во овој период, периодот кога е врнежливо времето Стара Река ако ја соприме да не влегува во системот двата извори и Косматец, Лукар 1 и Лукар 2 и Косматец е доволана количина на вода за пиење во градот и ако навреме реагираат

службите горе Директоре, кај тебе кога иде невреме да не пуштаат вода од Стара Река, па преку филтер да доаѓа до градот, тие ја филтрираат водата, али матноста не можат да ја филтрираат и ние ставаме хлор, ја чистиме водата и прогласуваме дека водата не се пие. Едната страна е дали менаџерскиот тим на Комуналец нејќе да ја сопре реката да оди во филтерот и да иде во градот, ради тоа пак што се намалува дотокот и инструментите што мерат колку струја се дава на мало производство на струја, значи ние треба да разграничиме што е приоритетно. Приоритетно е вода за пиење на граѓаните и ако некој период од 2 месеца, 50 дена системот дава помалку вода, али доволно за пиење, пошто овој период имаме вишак на вода, ние гледаме дека имаме 9 000 000 кубици на вода, трошиме 2,5 000 000 кубици, значи нормална работа дека е вишак овој период кога се троши малку вода. Ако е причина пуштањето на вода за тоа да дадиме повеќе струја, да створиме повеќе приход, према мене и према граѓаните не е фер. Ако е некогаш случајно ноќеска чуварот горе не приметува дека се мати водата, таа случајност се дешава многу малку време, значи некогаш може да се случи. Порано беа луѓето горе на Лукар, спиеја точно каде што Стара Река влегува во системот, во филтрите, сега не знам Директоре дали се малку подоле или погоре, али тоа да си го земете како работа што треба да ја проверите и им даваме на граѓаните да сумљаат дека Кавадарци има фабрики за вода и си произведува вода, па граѓаните мораат да купат вода. Ако е матна за миење, за во вц е добра, ама за пиење ќе купат, може некој од службите горе е лесно подмитлив и ќе ја замате водата, па мора да се купува вода и тоа е некоја опција што треба да размислуваме. Не велам дека е така, али ние треба да правиме анализа во секој поглед. Во тој дел да видиме како стојат работите и да правиме анализа и да носиме некое решение за натаму како да ги тераме работите. Оптеретени се од работа, платите се малку, треба да одат нагоре, покачување на сметките не очекуваме оваа година, ради тоа што е изборна. Да избалансираме, да видиме кај сме и друга работа, како што зборнавме за Општина Кавадарци, директорот, менаџерот, програмата ние ја гледаме и викаме Добра е, ќе ја гласаме, на него е како ќе ја изработи, после негде ќе најдиме грешка некаден, значи тоа е нормална работа, па со ребаланс ќе пегламе и ќе дојде како што треба да биде. Да видиме пошто ни е последна година како советници да видиме ние како што гледаме за Општината и за Комуналец колку имаме за зимање пари да си ги наплатиме, Директор да најдиме начин, сега не дај Боже да биде со тужби, нека биде со

молби и да видиме колку сме дужни, па и нас да не не тужат луѓе, малку да балансираме. Ако имаме капитални инвестиции, ако не ги направиме нема да биде грев тековното одржавање на паркови, на зеленило, на се е добро, па и ако немаат некоја капитална инвестиција не е грев, на основ на тоа ние да се раздолжиме малку. Да излезиме таму септември, октомври малку почисти или наредна година Директоре у истиот овој период со некој друг Совет, Градоначалник, некои од нас може ќе одат да бидат. Немој да го сфатите ова, повеќе е пофалба, не напаѓам, него правам анализа и ме интересира како граѓанин тие работи малку ако можеме, не мора да ги продискутираме, него да ги анализирате на работа таму во колективот на фирмата и да после некое време видиме кај што клапа, сега нема да барам одговор, нема да го барам директорот да ни кажи, пошто сега нашето мислење е такво, па Директоре за месец, два мисли, прави анализа и најди некое соодветно решение нешто малку да намалиме.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ГОЦЕ АНГЕЛОВ: Многу е непријатно од оваа говорница кога ќе се злоупотреби и кога ќе се каже дека можно е некој да има на изворите поткуплив. Тие што се горе на изворите ти се тебе лични блиски пријатели, ако имаш ти друг интерес таму, тоа не го знам, меѓутоа не е во ред да се шират дезинформации прва работа, втора работа знаете вие дека освен Стара Река, знаат да се заматат и Лукарите, кои што не минат низ филтри, туку минат директно на хлорната станица и трета работа само во делот на доводот, дотокот на вода во првиот снег кој што падна пред месец дена случајно имаше проблем со гранки, дрвја итн. ја стопираа Стара Река. За помалку од 12 часа резервоарите нас ни се испразнија и постоеше можност градот да остане без вода, затоа дополнително пристапивме кон барање од Водостопанство, ни пуштија од алтернативниот цевковод вода и го решивме за тие 24 часа додека ги средиме тие работи. Значи Стара Река е голем потенцијал, голем капацитет и вие не може да си играте со тие работи и да, таму има постојано чуварска служба, тој објект кој што е таму минатата година јас го осовременив горе на изворите на стара река и затоа мислам уште еднаш не е во ред да се манипулира јавноста дали некој таму намерно што прави или како прави. Никој не е поткуплив, никој не си ја става главата во торба, тоа е премногу сериозна работа, знаете ви што значи доколку таква хаварија направите за штетноста на водата за пиење за жителите на Кавадарци. Уште еднаш апелирам до сите оваа говорница да не се користи за дневни политики и за ширење на

дезинформации, само заради некои лични суети и лични недоразбирања помеѓу одредени советници со одредени структури во градот.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Значи Директоре јас ве почитувам, значи многу ве почитувам. Колеги ова за јавноста, ова е мое размислување, не те напаѓам како директор, али директорот на било која институција само одговара на прашања на советници, нема да им кажува вака размислувате или нака правите, тоа е грешка на Претседателот, јас никогаш не сум дозволувал институција јавна, директор треба само на прашања да одговари. Ако не, ми е личен пријател мене и да ме напаѓа нема лудба, оти ги гледам амбициите и дека многу работи и сабота и недела и прекувремено и го натоваривме со куп работи сакам да му апелирам да не излезе после некое време да рече Ристо ти арно ми рече, оти има и таква работа Директоре. Значи сега ова е мое лично размислување. Јас така размислувам. Со факти ако ме убедиш дека 250 л/с не даваат Лукар 1 и Лукар 2 и Косматец тоа е мерлива работа ќе мериме, значи ја познавам таа проблематика и ние само размислуваме и викаме за месец, два,три да видиме дали има некоја аномалија. Јас од оваа говорница кажав дека едеи ваш инжинер што го почитувам ми извади од 5 кубика бетон кубик бетон, не дека не знае знае, ама сака да манипулира, се збунил човекот. Од мене нема што да се збуни, јас го прашав и тој мерел, мерел, измерил како што не треба, да не има некоја таква работа да ја тргнеме или нешто слично, инаку нема лошо Директоре. Треба ова што го кажав да кажиш Советниче ова е добар рефлекс за ние да бидиме уште попретпазливи. Оти ние најмногу сакаме Лукар да течи фул цевка за да вадиме повеќе струја, тоа и јас го сакам. Значи нема грев и да ни стане навика, значи сите мои колеги, сите мои советници кога ќе повикаат некој директор или некој администратор тој само одговара на поставени прашања, нема право да критикува советник или да му вика вака или така да ни соли памет. Таа работа не бива. Колега не го навредувам, како го навредувам. Јас не реков Директорот да има, напротив 20 пати го фалев и еднаш викам да видиме Директоре на ова тема да размислуваме заеднички сите. Значи ние носиме одлуки. На крај памет не ми текнало да напаѓам директор на било која институција колега. Значи правиме само ние некое видување викам да не има некој проблем. Ако нема проблем, нема, али да видиме дали има. Тоа е проблемот. Не можиме сега ни, ако ја нешто кажам така како анализа, ние Градоначалникот го масиравме две години со филтри, дали се у Ваташа или на Лукар,

па излезе дека се на Лукар, Градоначалникот тврдеше дека се во Ваташа, не биле тука, се подместиле горе и нема лудба на тоа, не се лути Градоначалникот. Не може Директорот да дава реплика на советник, или пак да му коментира што кажал советникот, прашање си одговараш и готово.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи почитувани колеги јас мислам дека доволно е исцрпен муабетот, оти ако дозволиме премногу демократија, ќе отиде во друг правец цела дискусија. Ајде кој е за. За ве молам. 11 за. Ве молам против. Тројца.

3. Финансов План за 2025 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Исто 11 за. 3 против

4. Програма за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2025 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци.

Едногласно.

5. Финансов План за 2025 година на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Едногласно.

6. Одлука за утврдување на вредност набодот за исплата на плати на административните службенициվработени воЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Едногласно.

7. Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Едногласно.

8. Изменување и дополнување на Годишен План за вработување за 2025 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци , донесен од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

11 за. 3 против.

9. Одлука за давање на времено користење на движна ствар на ТППЕ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец „ Кавадарци.

Едногласно.

10. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година;

Едногласно.

11. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници во Општина Кавадарци за 2025;

Едногласно.

12. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на помошно техничките лица вработени во Општина Кавадарци за 2025 година;

Едногласно.

13. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработени во ТППЕ во Општина Кавадарци за 2025 година;

Едногласно.

14. Предлог-Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2026 година;

Едногласно.

15. Предлог-Одлука за благајнички максимум за 2025 година;

Едногласно.

16. Предлог-Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година (прворордено дете во 2025);

Едногласно.

17. Предлог-Одлука за изменување на програми за развој на Општина Кавадарци за 2025 година;

Едногласно.

18. Предлог-Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци за 2025 година;
    Едногласно.
19. Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2025 година;
    11 за. 3 воздржани.
20. Предлог-Програма за изградба реконструкција и одржување на локалнитепатишта во Општина Кавадарци за 2025 година;
    Едногласно.
21. Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2025 година;

3 против. 11 за.

22. Предлог-Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Кавадарци (Наќе Кичев);

Едногласно.

23. Предлог-Програма за комунални дејности на Општина Кавадарци за 2025 година;

Едногласно.

24. Предлог-Програма за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2025 година;

Едногласно.

25. Предлог-Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2025 година;

Едногласно.

26. Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;

Едногласно.

27. Предлог-Програма за заштита од штетно дејство на водите;

Едногласно.

28. Предлог-Програма за заштита на животна средина;

Едногласно.

29. Предлог-Одлука за утврдување на Детален урбанистички план за УЕ 10, дел од Блок 10.6, „ЗАДРУГАРСКА ЈУЖНО“ КО Кавадарци град, Општина Кавадарци;

Едногласно.

30. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2025 година;

1 воздржан. Останатите за.

31. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена заштита за 2025 година;

1 воздржан.

32. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2025 година;

Едногласно.

33. Годишен План и Програма на Градски Фудбалски Клуб„Тиквеш 1930„ АД Кавадарци за 2025 година;

Повели 33 точка.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Од граѓаните барат информација дали некој знае или Претседателот на Комисијата за спорт какви се изгледите за новиот инвеститор во ФК Тиквеш за наредната година што се најавуваше. Дали имате информација.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Благодарам колега на прашањето. Значи јас како Претседател нели на Комисијата за спорт при Совет на Општина Кавадарци можам и јас онака како обичен граѓанин само да шпекулирам околу таа цела ситуација. Имав една прилика со Претседателот на клубот нели да разговарам во врска со тие информации нели и шпекулации во нашата општина околу новиот инвеститор и спонзор на ГФК Тиквеш, но од негова страна исто така ми беше кажано дека таму уште нема дефинитивно нели ништо околу таа работа, се во фаза на некакви преговори, но неможам да кажам нели точно и да тврдам дека би било нешто од таа работа, така да, да оставиме на времето да видиме што ќе се случува натаму.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Советниче. Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

34. Годишен План и Програма на Градски Ракометен Клуб АД „Тиквеш 2014„ Кавадарциза 2025година;

Едногласно.

35. Годишен План и Програма на Машки Кошаркарски Клуб„ЕУРО НИКЕЛ 2005„ АД Кавадарци за 2025 година;

Едногласно.

36. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВП.бр.90/2024 ;

3 воздржани. 13 за.

37. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВП.бр.89/2024 ;

3 воздржани. 13 за.

38. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр. 219/24 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Исто.3 воздржани. 13 за.

39. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 224/24 поведен пред Основен суд Кавадарци;

3 воздржани. 13 за.

40. Предлог-Одлуказа субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;

3 против. 13 за.

41. Предлог-Одлуказа субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

4 против. 12 за.

42. Предлог-Одлуказа субвенционирање на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ;

4 против. 12 за.

43. Предлог-Одлуказа субвенционирање на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион –Тиквеш-Кавадарци;

4 против. 12 за.

44. Предлог- Одлука за субвенционирање на Општински Ученички дом „Крсте П Мисирков„ Кавадарци;

1 против. Останатите за. 15.

45. Предлог-Одлука за примање донација-материјално добро (половни велосипеди);

Едногласно.

46. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за примање донација материјални добра и услуги од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци.

Едногласно.

47. Предлог-Одлука за примање донација материјални добра и услуги од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Едногласно.

48. Предлог-Одлука за примање на донација материјално добро - основен проект од ДРНП ВЕРТЕКС АРХИТЕКТУРА ДОО Скопје;

Едногласно.

49. Предлог-Одлука за примање на донација материјално добро од Друштво за трговија на големо и мало КАМ ДОО Илинден;

Едногласно.

50. Предлог-Одлука за примање на материјално добро од Трговско друштво за производство, трговија и услуги " КОНТИ ХИДРОПЛАСТ" ДООЕЛ Гевгелија и давање на трајно користење на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест.

Едногласно.

51. Програма за работа за 2025 година на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов Климе„ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов Климе„ Кавадарци;

Едногласно.

52. Програма за работа за 2025 година на ЈОУ Библиотека „Феткин„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈОУ Библиотека „Феткин„ Кавадарци;

Едногласно.

53. Програма за работа за 2025 година на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;

1 против.15 за.

54. Програма за работа на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш Кавадарци за 2025 година;

4 против. 12 за.

55. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на цени (надомест ) за дадени услуги на ДПТУ ДООЕЛ„Градска Винотека„ и Подружница„Винотека Центар„„ донесена од Управен Одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш Кавадарци.

Едногласно.

56. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на цени (надомест) за дадени услуги на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш Кавадарци;

Едногласно.

57. Програмата за изменување и дополнување на Програмата работа за 2025 година наЈавно претпријатие за стопанисување соспортски објекти "Мито Хаџивасилев Јасмин" Кавадарци, донесена од Управен Одбор на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџивасилев Јасмин" Кавадарци;

4 против. 13 за.

58. Одлука за донесување на Тарифник за утврдување на цените на услугите воДруштво за туризам,угостителство,рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на Јавно претпријатие за стопанисување соспортски објекти "Мито Хаџивасилев Јасмин" Кавадарци.

Едногласно.

59. Одлука за утврдување на вредност набодот за исплата на плати наадминистративните службенициvработени во Јавно претпријатие застопанисување со спортски објекти"Мито Хаџивасилев Јасмин" Кавадарци, донесена од Директорот на Јавно претпријатие застопанисување со спортски објекти"Мито Хаџивасилев Јасмин" Кавадарци;

Едногласно.

60. Програма за работа на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарциза 2025 година, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

5 против. 11 за.

61. Информација донесена од Директорот на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

1 против. 15 за.

62. Одлука за усвојување на Ценовник заобележување на хоризонталнасигнализација на територијата наОпштина Кавадарци за 2025 година,донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Едногласно.

63. Одлука за усвојување на Ценовник закористење, одржување и реконструкцијана мрежата за јавното осветлување натериторијата на Општина Кавадарци за 2025 година, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Едногласно.

64. Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати наадминистративните службенициvработени во ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ"Кавадарци за 2025 година, донесена од Директорот на ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ"Кавадарци.

Едногласно.

65. Одлука за распоредување на добивката остварена по годишната сметка и финансиските извештаи за 2023, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

1 против. 15 за.

66. Одлука за давање согласност за склучување на Договор за медиумски услуги, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

1 Против. 15 за.

67. Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати наадминистративните службеницивработени во ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ за 2025 година, донесена од Директорот на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ.

Едногласно.

68. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци;

Едногласно.

69. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ;

Едногласно.

70. Извештај за Реализацијата на Програмата за Еднакви можности за 2024 година;

Едногласно.

71. Предлог Програма на Комисијата за еднакви можности на Општина Кавадарци за 2025 година;

Едногласно.

72. Предлог-Одлука за отстапување на користење простор сопственост на Општина Кавадарци за Младински Центар Кавадарци;

Едногласно.

73. Извештај за работа за 2024 година на Младински Центар Кавадарци;

Едногласно.

74. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за расход на неупотреблива опрема, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;

Едногласно.

75. Предлог-Одлука за утврдување Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка;

Едногласно.

74.Предлог-Одлука за за поднесување на Барање – иницијатива за свикување на Собрание на МКК ЕУРОНИКЕЛ 2005 АД Кавадарци

Едногласно.

Почитувани колеги советници со тоа го исцрпивме Дневниот ред за 51-та Седница. На сите вас ви посакувам среќни Новогодишни и Божиќни празници, мир, хармонија, љубов и се најдобро во Новата 2025 година. Благодарам.

Изработил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов